# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

*и*

# СТАНДАРДИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ



# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ
# *и*
# СТАНДАРДИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Проект за професионален и кариерен развој на наставниците

Биро за развој на образованието

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Оваа публикација е подготвена со експертска и финансиска поддршка од Проектот на УСАИД за професионален и кариерен развој на наставниците, имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Бирото за развој на образованието (БРО).

Публикацијата е подготвена од работна група составена од претставници од: Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, факултети, експерти за образование, како и стручни соработници и практичари од основните и средните училиштата во Република Македонија. Како партнер на проектот беше вклучена и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

Содржината на документот не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Наслов
ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ И СТАНДАРДИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Издавач
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

Лектура
Ванѓа Димитрова

Дизајн
КОМА

Печатница
Винсент графика

Тираж
1500

CIP – Каталогизација на публикацијата
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

371.121:005.962.131

ОСНОВНИ професионални компетенции и стандарди за стручни соработници. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), 2016. - 237 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4529-38-5

а) Стручни соработници - Компетентност
COBISS.MK-ID 101283850

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД ........ 7**

Појдовни основи ........ 8

Професионални вредности ........ 11

**ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ........ 15**

**ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ........ 17**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 17

II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 21

III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 27

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 31

V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 35

VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 39

VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 43

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПЕДАГОГ ........ 49**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 49

II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 52

III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 55

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 56

V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 57

VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 58

VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 59

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПСИХОЛОГ ........ 61**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 61

II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 65

III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 67

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 69

V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 70

VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 71

VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 72

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СОЦИОЛОГ ........ 75**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 75
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 78
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 79
IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 81
V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 82
VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 83
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 84

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СОЦИЈАЛЕН РАБОТНИК ........ 87**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 87
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 91
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 93
IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 95
VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 97
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 98

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ДЕФЕКТОЛОГ ........ 101**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 101
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 104
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 106
IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 108
V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 109
VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ 110
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 111

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА БИБЛИОТЕКАР ........ 113**

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ........ 113
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ........ 117
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ........ 119
IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........ 120
V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 121
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ........ 123

ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – МЕНТОР ....................................127

ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР.............................................129

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ....................................................129
I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ....................................................131
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ....................................................135
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ....................................................139
IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА....................................................143
V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ....................145
VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ....................................149
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ....................151

СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ПЕДАГОГ....................................155

СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ПСИХОЛОГ....................................157

СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР СОЦИОЛОГ....................................161

СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ДЕФЕКТОЛОГ....................................163

СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР БИБЛИОТЕКАР..............................167

ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК..............................175

ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК.............................................177

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ....................................................177
I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ....................................................179
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ....................................................183
III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ....................................................185

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА ........................................................187
V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ....................189
VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ............................................193
VII.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ................................195

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА**
**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ПЕДАГОГ ..................................199**

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА**
**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ПСИХОЛОГ ................................201**

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА**
**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК СОЦИОЛОГ ................................205**

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА**
**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ДЕФЕКТОЛОГ .............................207**

**СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА**
**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК БИБЛИОТЕКАР ...........................209**

**ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ**
**СОРАБОТНИЦИ ВО СТРУКА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА.....215**

**ВОВЕД ........................................................................ 217**

Професионални вредности ..........................................................................218

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ...................................................................219
II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ...............................................................223
III. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ....................227
IV. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА ................................231

# ВОВЕД

Република Македонија има традиција за вработување стручни соработници во училиштата-педагози, психолози, социолози, социјални работници, дефектолози и библиотекари. Тие имаат единствена позиција во училиштето од која имаат увид во целокупната работа и можност да идентификуваат потреба и да им дадат стручна поддршка на сите вклучени во воспитно-образовниот процес. Освен педагозите, другите профили стручни соработници базично не се школувани за работа во училиште. Оттука беше неопходно, како дел од активностите за подобрување на системот за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар, да се дефинираат и професионалните компетенции за секој од наведените профили стручни соработници.

Основните професионални компетенции и стандарди[1] за звања на стручните соработници ги изготви работна група составена од практичари од училиштата, советници од Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука и универзитетски професори. При нивната изработка беа земени предвид слични документи од поголем број земји, како и Основните професионални компетенции за наставници и Стандардите за наставник-ментор и наставник-советник. За конечната верзија на документот значајно придонесоа и стручните здруженија и поединци кои се вклучија во јавната дискусија.

Во Основните професионални компетенции за стручни соработници и Стандардите за стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник се дефинирани вредностите, знаењата и вештините на стручните соработници-педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог и библиотекар.

Позицијата и работата на стручните соработници во струка[2], па оттука и нивните професионални компетенции, битно се разликуваат од компетенциите на другите стручни соработници. Според Законот за средно образование, и тие се во категоријата стручни соработници. Затоа во оваа публикација, на крајот, како посебен дел, поместени се и Професионалните компетенции за стручните соработници во струка.

Основните професионални компетенции за стручни соработници се однесуваат на компетенциите што стручните соработници треба да ги поседуваат од моментот на завршувањето на приправничкиот стаж и успешното полагање на стручниот испит, па сè до крајот на работниот век. Притоа, доколку стручниот соработник сака да напредува во звање, освен овие основни компетенции треба да ги исполни и стандардите за стручен соработник-ментор, односно советник.

1 Под компетенции се подразбира збир на стекнатото знаење, способности, вештини и професионални вредности, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа. Под стандарди се подразбираат компетенции од повисоко ниво што е потребно да се поседуваат за да се стекне определено звање во напредување во кариерата.

2 Во Законот за средно образование во групата на стручни соработници се споменуваат лаборанти и други кои во овој документ носат заедничко име стручни соработници во струка.

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

При изработката на Основните професионални компетенции и стандардите за звањата ментор и советник се водеше сметка да бидат опфатени компетенции што се однесуваат на севкупниот професионален ангажман на стручните соработници-работа со ученици, наставници, родители и пошироката заедница. Притоа, улогата на стручниот соработник беше согледана најмногу од аспект на обезбедувањето поддршка на учениците, наставниците и родителите заради постигнување успешно функционирање на учениците на академско, емоционално, социјално и бихевиорално ниво. Од друга страна, тие имаат единствена позиција во училиштето од која можат да ја поврзуваат теоријата со практиката и да ги поддржуваат сите учесници во воспитно-образовниот процес да работат на постигнување на целите на училиштето и воспитно-образовниот систем пошироко. Затоа, при дефинирањето на потребните компетенции, особено се имаше предвид нивната улога во градењето и спроведувањето развојни и превентивни стратегии во функција на учењето и развојот на учениците.

При изработката на документот провејуваше идејата за тимска работа на стручните соработници во училиштето. Меѓутоа, иако постојат општи, заеднички компетенции, се подразбира дека кај различни профили стручни соработници тие не се идентични и дека, при работата во соодветни ситуации, стручните соработници ќе ги искористат спецификите на сопствената професија и секој од свој аспект ќе пристапи кон работата. Специфичностите во приодите на стручните соработници се издвоени од заедничките компетенции и се дадени во посебен дел. Исто така, битно е да се спомене дека доколку недостига некој профил на стручен соработник во училиштето, се очекува неговите обврски, во делот на заедничките професионални компетенции, да може да ги преземат другите стручни соработници. Доколку постојниот стручен соработник не се чувствува доволно подготвен за соодветна акција, во рамките на својот профил или со дотогаш стекнатите компетенции, се очекува тој да преземе иницијатива за најдобар интерес на ученикот и да побара помош од други компетентни лица. При тимската работа, најмногу треба да биде ангажиран оној профил стручен соработник каков што бара проблематиката.

Заради природата на нивниот ангажман, мобилните стручни соработници во помал обем ќе работат на активности поврзани со аналитичко-истражувачка работа и системската работа на ниво на цело училиште, а се очекува повеќе да бидат насочени кон работа со ученици, наставници и родители. Библиотекарите, кои со дел од работното време се наставници, се очекува во помал обем да се ангажираат во работата со ученици на подигање на нивните истражувачки и читачки вештини и во помал обем да се ангажираат во давањето стручна поддршка на наставниците за користење на библиотечните ресурси за реализација на наставата.

Општите компетенции кои се неопходни за повеќето професии во XXI век, како на пример, користењето современа технологија, познавањето странски јазик и сл., не се спомнати, бидејќи се очекува стручните соработници да ги поседуваат до ниво што им овозможува користење во секојдневната работа.

## НАМЕНА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ И СТАНДАРДИ

Основните професионални компетенции и стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник треба да служат за повеќе намени во професионалниот и кариерниот развој на стручните соработници.

## ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

- Планирање на приправничкиот стаж за стручните соработници и менторската поддршка.
- Правење рефлексија за сопствената професионална ефикасност и ефективност.
- Изготвување процедури и инструменти за следење на работата на стручните соработници и давање стручна поддршка.

- Изготвување компетенции за стручните соработници во посебни училишта, ученички домови и градинки.
- Планирање на професионалниот и кариерниот развој, како личен, така и на ниво на училиште, регион, држава.
- Изготвување процедури и инструменти за оценување на работата на стручните соработници кандидати за звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

## ПОДДРШКА НА ПРОМЕНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

- Јасно дефинирање на работата на стручните соработници во основните и средните училишта.
- Информирање за и препознавање на улогата на стручните соработници во училиштата.
- Усогласување на додипломското образование со потребните компетенции за стручни соработници.
- Обезбедување акредитирани специфични програми за обука за секој од профилите на стручните соработници.
- Редефинирање на содржината и начинот на полагање на стручниот испит за стручните соработници.
- Подобрување на законската регулатива и актите кои се однесуваат на стручните соработници.
- Подобрување на работата на институциите задолжени за следење, мерење и подобрување на квалитетот на работата на стручните соработници и училиштата.

## СТРУКТУРА НА ДОКУМЕНТОТ

Професионалните компетенции и стандардите опфаќаат два меѓусебно поврзани делови:

**Професионални вредности.** Професионалните вредности се водечки принципи што стручните соработници ги имаат прифатено и се манифестираат низ сите аспекти на нивното работење. Тие во документов се дадени на почетокот затоа што се однесуваат на сите стручни соработници и сите нивоа на компетентност.

**Професионални знаења и вештини.** Тоа се знаења и вештини што стручниот соработник ги стекнал за време на додипломското образование и во текот на работењето. Основните професионални компетенции мора да ги поседува до крајот на кариерата како стручен соработник и континуирано да ги надградува. Со цел подобро да се објасни манифестирањето на компетенциите, поместени се и примери на професионална практика на стручните соработници.

Примерите на професионална практика се можен индикатор за поседување на компетенциите и не претставуваат попис на работни задачи на стручните соработници, туку треба да помогнат за планирање на работата на стручниот соработник, при што ќе се имаат предвид потребите на училиштето и бројот на стручните соработници и специфичниот профил на стручниот соработник. Во својата работа стручниот соработник првенствено мора да се води од најдобриот интерес на ученикот.

Компетенциите кои се однесуваат на професионалните знаења и вештини се групирани во две категори: заеднички компетенции[3] и специфични компетенции за одделните профили стручни соработници. Во рамките на двете категориии компетенциите се организирани во седум подрачја, а секое подрачје се состои од неколку потподрачја. Притоа, одредени компетенции можат да припаѓаат на неколку подрачја. Во тие случаи компетенцијата е поместена само во едно подрачје, односно, еднаш спомената, не се јавува повторно во друго подрачје.

3 Заедничките компетенции се однесуваат на стручниот соработник педагог, психолог, социолог, социјален работник и дефектолог. Тие не се однесуваат на стручниот соработник библиотекар. Специфичните компетенции за стручен соработник библиотекар се пробројни од оние за останатите профили и ја одразуваат поголемата специфичност во работата на училишниот библиотекар.

Професионалните знаења и вештини и примерите на професионална практика се групирани во следниве подрачја:

### I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

- Поддршка на учениците во учењето
- Следење и поддршка на развојот на учениците
- Професионална и кариерна ориентација на учениците

### II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
- Поддршка на наставниците за работа со учениците
- Поддршка на наставниците за работа со родителите

### III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите
- Едукација на родители
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

### IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

- Соработка со локалната заедница
- Соработка со стручните институции и организации

### V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

- Личен професионален развој
- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

### VI. АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА[4]

- Анализа и проценка на воспитно-образовната работа
- Истражување на воспитно-образовната работа

### VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

- Училишна структура и организација
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество на учениците

Стандардите за стручен соработник-ментор се изработени така што се надградуваат на Основните професионални компетенции, а за стручен соработник-советник се надградуваат на стандардите за стручен соработник-ментор. Поконкретно, за стручен соработник-ментор треба да се поседуваат основните професионални компетенции и стандардите за стручен соработник-ментор, а за стручен соработник-советник треба да се поседуваат основните професионални компетенции, стандардите за стручен соработник-ментор и стандардите за стручен соработник-советник.

Во документов, компетенциите и стандардите се само технички издвоени во три дела:

- **ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ**
- **ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР**
- **ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК**

4 Подрачјето Аналитичко - истражувачка работа е изоставено во основните професионални компетенции за библиотекарите, а некои компетенции од ова подрачје во стандардите за библиотекар ментор и библиотекар советник се содржани во подрачјето 7. Училишна структура, организација и клима.

# ПРОФЕСИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ

## НАЈВАЖЕН Е УЧЕНИКОТ

Стручните соработници се посветени да работат во интерес на учениците  и во прв план ги ставаат нивното учење, однесувањето и менталното здравје. Тие веруваат дека со својата работа во училиштето можат да придонесат  максимално да се развијат потенцијалите на учениците и посветено работат на постигнувањето на таа цел.  Веруваат дека учениците кои се заинтересирани, мотивирани, сигурни во себе, прифатени од вработените во училиштето и од соучениците, добро се чувствуваат во училиштето и сакаат да учат, па затоа настојуваат сите ученици да се чувствуваат добредојдени во училиштето. Убедени се дека демократскиот пристап кон учениците ќе ги поттикне тие во нив да гледаат некој кој нуди помош и поддршка. Почитувајќи ја единственоста и вредноста на личноста на секој ученик, во ситуации кога се судираат интересите на ученикот со интересите на другите, стручните соработници првенствено се раководат од интересот на учениците.

## ПРОФЕСИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ

Стручните соработници се водат од начелото дека професионалната компетентност, автономноста, одговорноста и соработката се неопходни за успешно работење. Иако чувствителноста на професијата и поврзаноста со сите сегменти од работата на училиштето ги става стручните соработници во положба дека треба да одговорат и да реагираат на разни ситуации, тие, свесни за границите на своите знаења и стручност и  ограничувањата со кои се соочуваат во работата, веруваат дека  се повикани да обезбедуваат услуги и  користат  техники за кои стекнале квалификации и не ветуваат решавање на проблеми што  не можат да ги решат. Во такви ситуации, професионалната соработка со други компетентни лица или институции ја гледаат како начин за помош на учениците, наставниците и родителите. Веруваат дека за успехот на учениците  клучна  е соработката меѓу воспитно-образовниот  кадар во училиштето и настојуваат истата да ја подигнат на високо ниво. Тие се убедени  дека доколку постапуваат со почитување кон личноста на своите колеги и кон нивните потреби и посебни обврски  (стручни соработници, наставници, раководен кадар) ќе создадат услови за ефективно работење.  Објективниот, одговорниот и чесниот пристап во истражувачката работа, без оглед на сознанијата до кои при тоа дошле, ги гледаат како услов за подобрување и позитивни промени.

## ДОВЕРЛИВОСТ

Свесни се дека понекогаш во работата доаѓаат до сензитивни информации за учениците, наставниците и за нивните родители, што ги прави чувствителни нивните односи и затоа особено внимаваат релациите со сите да ги задржат на високо професионално ниво. Држат до тоа дека доверливоста на информациите не е само етичко барање и обврска, туку и принцип кој само во исклучителни услови смее да биде прекршен (на пр., кога неоткривањето на информациите може да има последици врз физичкото и психичкото здравје на учениците). Сметаат дека информациите што се релевантни за подобрување на состојбата на учениците можат да бидат од корист само доколку бидат пренесени точно и разбирливо за корисниците, а загриженоста од можно несоодветно употребување на информациите прави да бидат особено внимателни при нивното комуницирање.

## ЕДНАКВОСТ, ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ПРАВДА

Темелејќи ја својата работа врз почитување на човековите права, стручните соработници се свесни за различностите кај учениците и нивните родители, и се залагаат истите  да бидат прифатени и почитувани од сите вработени во училиштето.  Веруваат дека учениците  сакаат да учат и  учат доколку се чувствуваат прифатени и почитувани во паралелката и во училиштето и се залагаат за создавање средина во која  различностите се прифаќаат и почитуваат. Ве-

руваат дека преку обезбедување поттикнувачка средина ќе се обезбеди секој да учи и до максимум да го искористи и да го покаже својот потенцијал.

Веруваат во важноста на почитувањето на конвенциите и другите документи за правата на луѓето и децата и за недискриминација, како и принципите на социјална правда, и придржувањето до нив го гледаат како пат до трансформација на училиштето во подобро место за учење.

## ИНИЦИЈАТИВНОСТ И КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ

Веруваат дека преку својот професионален и личен интегритет, високи етички вредности и однесување ја промовираат својата професија и придонесуваат за формирање позитивен став на јавноста кон неа. Сметаат дека промените во општеството треба да бидат следени со промени во училиштата, затоа се залагаат за постојано унапредување на животот и работата во училиштето. Дејствуваат од начелото дека промените почнуваат од поединецот, а себеси се гледаат како иницијатор за промени.

Во работата на сопствениот и професионалниот развој на наставниот кадар придонесуваат тој повеќе да биде насочен кон визијата за современа настава и учење во 21-от век, отколку кон надминување на тековните слабости.



# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ *за* СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

# ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Компетентните стручни соработници знаат како децата учат и се развиваат и им даваат поддршка на сите ученици. Знаат дека секое дете може да го достигне својот максимум, ако му се даде соодветна можност. Преземаат соодветни активности за вклучување на сите деца во образовниот процес и за нивно адекватно прифаќање во училишниот контекст. Тие ги третираат учениците рамноправно и правично, но ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат предвид во својата работа со нив. Притоа, стручните соработници ја темелат работата врз континуирана опсервација и проценка за најдобриот интерес на учениците, како и континуирана проценка на напредокот на нивното знаење, нивните потенцијали, силните страни, вештините, и семејното опкружување.

Стручните соработници имаат знаења и вештини за индивидуална и групна работа со ученици со цел да се поттикне и поддржи интелектуалниот и социоемоционалниот развој на ученикот, неговото знаење и напредување.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги разбира концептите за когнитивниот развој, учењето и наставата и нивната поврзаност со поучувањето. | 1.1 | Ја проценува подготвеноста на учениците за вклучување и напредување во образовниот систем. |
| 2. | Ги разбира индивидуалните разлики во учењето кај учениците и познава соодветни стратегии за учење и поддршка на учениците во учењето. | 2.1 | Сензибилен е за различните образовни потреби на учениците, умее да ги идентификува и да обезбедува соодветна поддршка. |
| 3. | Ги знае факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на учениците. | 3.1 | Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето. |
| | | 3.2 | Идентификува потенцијални фактори кои може да доведат до неуспех и информира и дава препораки. |
| 4. | Познава методи и техники за работа со ученици и нивно успешно советување за учење. | 4.1 | Користи различни пристапи во помагањето на учениците во учењето усогласени со нивните потреби. |
| 5. | Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование. | 5.1 | Избира соодветни приоди за инклузија. |
| 6. | Има познавање за користење асистивна технологија[5] при работа со ученици со посебни образовни потреби. | 6.1 | Промовира користење на асистивна технологија Од страна на учениците. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Користи различни методи и инструменти за испитување на подготвеноста за вклучување на учениците во соодветното ниво на образование.
- Учествува во комисијата за запишување на учениците во училиштето.
- Учествува во изготвувањето документи (планови, процедури, насоки, препораки) за идентификување на образовните потреби на учениците и за обезбедување соодветна поддршка.
- Организира и реализира различни видови индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето, успехот, системот на вредности.
- Ги поттикнува и поддржува учениците да се пријавуваат на конкурси и натпревари.
- Прибира податоци за причините за неуспех (врши испитувања, интервјуа, дискусии во фокус групи).
- Ги информира родителите, наставниците и учениците и им дава соодветни препораки.
- Користи различни методи и инструменти за идентификување на потребите од поддршка во учењето и самооценувањето.
- Планира и им дава непосредна поддршка на учениците во учењето.
- Врши/учествува во идентификувањето ученици со посебни образовни потреби.
- Ја координира/ учествува во работата на инклузивниот тим во училиштето.
- Учествува во изготвувањето индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби.
- Ги советува и охрабрува учениците да користат соодветна ИКТ и асистивна технологија.

5 Под асистивна технологија се подразбира секој предмет, дел од опрема или производ, било да е набавен од продавница, специјално нарачан, адаптиран или приспособен, кој се користи да ги зголеми, одржи или подобри функционалните можности на лицата со хендикеп.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги разбира процесите на социјалниот и на емоционалниот развој и нивната поврзаност со однесувањето на учениците. | 1.1 Поттикнува и развива самодоверба и самопочитување кај учениците. |
| 2. Ги разбира предизвиците во комуникацијата и соработката со припадници на различни култури, со различни вредности и искуства. | 2.1 Комуницира со учениците на начин кој обезбедува поддршка и доверба. |
| | 2.2 Комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од нив. |
| | 2.3 Го приспособува пристапот во индивидуалната и групната работа со учениците на ситуацијата и видот на проблемот. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги идентификува причините за ниска самодоверба, самопочитување и организира работилници за зголемување на самодовербата и самопочитувањето.
- Ги вклучува учениците во активности кои ги поттикнуваат самодовербата и самопочитувањето.
- Има воспоставено механизми кои му овозможуваат на ученикот да добие поддршка од стручниот соработник секогаш кога му е потребна (учениците се информирани за можностите за консултација).
- Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците.
- Организира активности за развивање на хуманоста, солидарноста и меѓуетничката соработка.
- Користи различни видови стратегии и приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

### Потподрачје: ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги знае важноста и начелата за професионална и кариерна ориентација на учениците. | 1.1 Избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на учениците. |
| 2. Познава методи за професионална ориентација, советување и кариерно насочување на учениците. | |
| 3. Информиран е за состојбите на пазарот на трудот. | 3.1 Професионалното и кариерното советување на учениците го базира врз утврдените интереси, способности и општествени можности. |
| 4. Информиран е за мрежата на средни училишта/високообразовни институции. | |
| 5. Ја знае важноста од правилен избор на професија. | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Врши испитување за информираноста и заинтересираноста на учениците за понатамошно образование или вработување.
- Врши испитување на професионалните интереси.
- Ги синтетизира и интерпретира добиените податоци.
- Ги информира учениците за можностите и перспективите на професиите.
- Ги информира учениците за мрежата на средни училишта/високообразовни институции, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување.
- Организира презентации на кои средните училишта/високообразовните институции, стопанските субјекти се претставуваат пред учениците.
- Врши индивидуално и групно советување со ученици и родители за правилен избор на понатамошното образование или професија.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

Една од клучните надлежности на стручниот соработник во основните и средните училишта е поддршката на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа со цел подобрување на поучувањето, а со тоа и учењето на учениците, односно подобрување на постигањата на учениците. Се очекува стручниот соработник да има пошироки знаења за севкупниот воспитно-образовен систем, а особено за иновациите во него и да поседува вештини за поддршка на наставниците во сите компоненти на наставата, вклучувајќи ја и нејзината воспитна компонента.

За да се воспостави соодветна соработка меѓу стручниот соработник и наставникот потребно е меѓусебните односи да им бидат засновани на почит, разбирање и доверба. Соработката се реализира преку стручните тела што постојат во училиштето, односно стручни активи, одделенски совет, наставнички совети, индивидуални средби, а во форми планирани во годишната програма за работа, на пр.: посета на часови, работилници, менторирање, размена на материјали и др., како и преку неформална колегијална помош и соработка.

Активностите за поддршка на наставниците, стручниот соработник многу често ги остварува низ тимска работа со другите стручни соработници во училиштето. Кога работат тимски секој стручен соработник дава поддршка за оние аспекти на работата на наставникот за кои стручниот соработник е најкомпетентен.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава стратешки, концепциски и програмски документи и стандарди за потсистемот на образованието во кој работи. | 1.1 Им дава стручна поддршка на наставниците во разбирањето и примената на програмските и концепциските документи. |
| 2. Ги познава актуелните програми и проиоди (на пр., Образование за животни вештини, Иновации и претприемништво, Проектна работа и сл.) што треба да се користат во училиштето. | |
| 3. Ги познава принципите за изработка на ИОП / ја знае важноста на ИОП за учениците со посебни образовни потреби. | 3.1 Дава стручна поддршка во изготвувањето индивидуален образовен план. |
| 4. Познава таксономии за воспитно-образовните цели. | 4.1 Дава стручна поддршка во планирањето на наставата. |
| 5. Ги познава видовите планирања на воспитно-образовната работа. | |
| 6. Ги познава индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди на ученикот. | 6.1 Кај наставниците поттикнува високи очекувања за развојот и постигањата на учениците. |
| 7. Разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето. | 7.1 Промовира создавање и одржување отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност. |
| 8. Ги познава начелата за воспоставување позитивна социоемоционална клима во училницата. | 8.1 Дава стручна помош за обезбедување позитивна социоемоционална клима во училницата. |
| 9. Знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците. | 9.1 Им дава насоки на наставниците како резултатите од оценувањето да ги користат за подобрување на процесот на наставата и учењето. |
| 10. Го познава етичкиот кодекс во оценувањето. | 10.1 Ги применува принципите на етичкиот кодекс во оценувањето. |
| 11. Ги познава потенцијалите на различни извори на знаења. | 11.1 Им дава стручна поддршка на наставниците за користење на различни извори на знаења. |
| 12. Ги познава проектите на ниво на државата за подобрување на квалитетот на наставата. | 12.1 Дава поддршка во спроведувањето проектни активности со кои се подобрува квалитетот на наставата. |
| 13. Ја разбира улогата на одделенскиот/класниот раководител. | 13.1 Дава стручна помош за активностите што треба да ги реализира раководителот на паралелката. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организира и реализира активности (предавања, работилници) за анализа на концепциските документи.
- Организира и реализира активности (предавања, работилници) за актуелните програми и приоди во наставата.
- Ја следи наставата и за различни аспекти кои се набљудувани им дава повратна информација (писмена или усна) на наставниците.
- Учествува во работата на тимот за изготвување на ИОП.
- Прави увид во квалитетот на планирањата на наставата и консултации со наставниците за подобрување на истите.
- Организира и реализира активности (работилници, индивидуални консултации) со наставниците за планирање на наставата (на пр., операционализација на целите, подготовка на час/активност, избор на форми, методи и средства, организација на работата, индивидуализација, диференцијација и др.).
- Им помага на наставниците да ги земат предвид индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирањето и реализирањето на наставата.
- Дава насоки за планирање на активностите во текот на часот за учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини.
- Реализира активности (работилници, презентации, примери на добра практика, индивидуални консултации со наставници ) за создавање стимулативна средина за учење.
- Го набљудува однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмор и му дава повратна информација на наставникот за подобрување на социоемоционалната клима во училницата.
- Ги упатува наставниците како резултатите од оценувањето да ги земат предвид при идните планирања.
- Им дава поддршка на наставниците за фер и објективно оценување.
- Им помага на наставниците да се справат со притисоци поврзани со оценувањето.
- Упатува на начините за избор и користење на различни извори на учење (организира работилници, дава индивидуални совети и сл.).
- Организира и реализира информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата.
- Споделува информации за тековни проекти.
- Учествува во тимови за работа во проекти.
- Му дава поддршка и соработува со одделенскиот/класниот раководител за планирање на активностите (избор на содржини и методи).
- Ги упатува одделенските/класните раководители за работа со ученичката заедница на паралелката.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Го разбира влијанието на социјалните и културните фактори врз образованието, како и придонесот на образованието за социјална кохезија. | 1.1 Промовира почитување на разликите и демократските вредности.<br>1.2 Се залага за почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите силни страни. |
| 2. Знае за важноста на приспособувањето на наставата на карактеристиките на учениците. | 2.1 Им дава поддршка на наставниците за индивидуализација во задолжителната, додатната и дополнителната настава, слободните ученички активности и натпревари. |
| 3. Ги знае принципите на добрата комуникација меѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно. | 3.1 Им дава стручна поддршка на наставниците за воспоставување добра комуникација меѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно. |
| 4. Знае за можните проблеми во однесувањето на учениците и начините за нивно разрешување. | 4.1 Му дава помош на наставникот во справувањето со и разрешувањето на проблеми со однесувањето на учениците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Дава специфични насоки за работа со одделни групи и поединечни ученици.
- Му ги објаснува на наставникот видот и специфичностите на тешкотиите идентификувани кај одреден ученик и го упатува на приодите и начините за работа со него.
- Осмислува со наставникот постапки за подготовка и работа со паралелката во која има ученици од ранливи категории.
- Ги запознава наставниците со различни начини на кои учениците учат.
- Ги запознава наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици.
- Претставува позитивен модел за наставниците во примената на комуникациски вештини.
- Реализира работилници за стекнување комуникациски вештини.
- Ги советува наставниците за комуникација со одделна група ученици.
- Ја следи комуникацијата во училницата и му дава повратна информација на наставникот.
- Му помага на наставникот да ги согледа причините за несоодветното однесување, предлага стратегии за надминување и заедно со наставникот ги следи ефектите од преземените активности.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

### Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Знае за важноста на соработката меѓу наставниците и родителите. | 1.1 | Промовира култура на наставничко-родителска соработка. |
| 2. | Знае методи за наставничко-родителска соработка. | 2.1 | Им помага на наставниците во изборот на соодветни методи и содржини за соработка со родителите. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги упатува наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите.
- Заедно со наставниците гради стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци.
- Предлага содржини за родителски средби соодветни на определени години на образование, струки, ситуации...
- Учествува на некои од родителските средби (општи или на паралелката по потреба).



# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ[6]

На родителите им е важно во каква средина нивното дете го поминува времето додека е во училиште, и со своите различни компетенции можат да придонесат за подобрување на животот и работата во училиштето. Позицијата што ја имаат стручните соработници им овозможува да влијаат на вклучувањето на родителите во различни активности во училиштето. Од друга страна, родителите често се соочуваат со прашања и ситуации поврзани со учењето на нивното дете на кои не умеат адекватно да одговорат. Затоа, едукацијата и советувањето на родителите се особено важни при развивањето на родителските компетенции и стекнувањето свесност дека нивниот став и родителски пристап имаат клучна улога во психофизичкиот развој и напредокот во учењето на нивните деца. За таа цел, стручните соработници со родителите работат преку индивидуални и групни советувања и разни форми на едукација, зависно од нивните потреби и видот на проблематиката. Притоа, од особена важност е пристапот и начинот на комуникација што стручниот соработник ги применува во контактите со родителите. Стручниот соработник е емпатичен, се однесува со почит и разбирање и претставува личност во која родителите имаат доверба и сметаат дека можат слободно да се обратат и да го споделат сето она за што очекуваат поддршка и помош кога се работи за нивните деца. Стручните соработници со родителите на учениците разменуваат информации за состојбите и промените кои ги согледале кај нивните деца. Дел од информациите кои стручните соработници ги добиваат од родителите се особено чувствителни и од доверлива природа, па така, стручните соработници знаат кои информации, на кој начин и со кого можат да се споделат, а со кои треба доверливо да се постапува.

6 Под родител се подразбира и законски застапник, старател.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Разбира како семејството влијае врз когнитивното, емотивното и социјалното функционирање на учениците. | 1.1 Ги идентификува потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и дава соодветна поддршка на семејството. |
| 2. Поседува знаења за комуникација со родителите на децата. | 2.1 Ја приспособува комуникацијата во зависност од ситуацијата и личноста на родителот. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на родителите да препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и ги советува како да реагираат во одредени ситуации.
- Информациите за учењето и однесувањето на ученикот на соодветен начин ги споделува со родителите.
- Реализира индивидуални и групни консултации за поддршка на родителите (начин на комуникација, поддршка во учењето, мотивирање за учење и слично).

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава карактеристиките на учењето на возрасните и методите и формите за едукација на возрасни. | 1.1 Знаењата од својата стручна област на соодветен начин им ги презентира на родителите. |
| 2. Ја разбира потребата од јакнење на родителските компетенции за поуспешен развој и напредок на нивните деца. | 2.1 Им помага на родителите да развијат вештини за да го поттикнат поквалитетно развојот и учењето на своето дете. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвувањето материјали за едукација на родителите (презентации, брошури, флаери, пишани материјали).
- Ги информира родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците.
- Ги идентификува потребите на родителите за едукација поврзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето.
- Организира едукативни средби и/или работилници со родители (на пр., развојни карактеристики на деца, карактеристики на учење, справување со ризични однесувања на учениците, електронско насилство, мотивација за учење, развивање и јакнење на самодоверба и сл.).

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае начини за соработка со семејството и можности за негово учество во животот и работата на училиштето. | 1.1 Промовира доверба и разбирање за градење партнерства со семејствата. |
| | 1.2 Ги мотивира родителите да се вклучат во активностите на училиштето. |
| | 1.3 Развива ефективна соработка со семејствата. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Планира и овозможува вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно-образовниот процес (здравствена заштита, почитување и прифаќање на различностите, професионална ориентација, јавна и културна дејност, претприемништво...).
- Соработува со советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето.



# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Соработката на стручните соработници со клучните чинители од локалната заедница придонесува кон подобрување на работата на училиштето, од една страна, и кон подобрување на животот во локалната заедница, од друга страна. За успешна соработка важно е заедницата да биде информирана за работата на училиштето, за постигнатите резултати и потребите на училиштето. Стручните соработници треба да бидат компетентни да ги вклучат родителите и бизнис заедницата како најзаинтересирани за повисоки постигања на учениците, да соработуваат со другите воспитно-образовни установи и институции од областа на културата, уметноста, здравството, кои можат да придонесат за подигање на квалитетот на работата на училиштето, за здравјето, безбедноста и менталниот развој на учениците. Тие треба да ги познаваат можностите и потенцијалите што ги нуди локалната заедница, да умеат да проценат кога, зошто и каква соработка да воспостават, да креираат процедури и механизми за вклучување, сè со цел да се подобрат и збогатат програмите за работа на училиштето. За таа цел со локалната заедница градат партнерство, развиваат чувство за припадност, промовираат заемност, доверба, почит, разбирање и професионализам.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

## Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава начини за соработка со локалната заедница и можности за нејзино учество во животот во училиштето. | 1.1 Промовира соработка со локалната заедница.<br>1.2 Придонесува вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето. |
| 2. Ги знае потенцијалите на локалната заедница за поддршка на училиштето. | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во планирањето, реализирањето и следењето на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности).
- Ја презентира и промовира работата на училиштето.
- Ја информира заедницата за потребите и постигањата на училиштето.
- Се вклучува во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.
- Соработува со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и слично).
- Учествува во планирањето, реализирањето и следењето активности кои промовираат интеркултурно образование.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

## Потподрачје: СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја разбира важноста на соработката со стручните институции. | 1.1 Развива и користи соодветни начини за соработка со стручните институции. |
| | 1.2 Промовира професионалност, доверба и почит во градењето партнерства со стручните институции. |
| 2. Знае за дејностите на институциите значајни за работата во училиштето. | 2.1 Идентификува релевантни институции за соработка во одделни подрачја. |
| 3. Информиран е за актуелни програми за млади што ги реализира невладиниот сектор. | 3.1 Идентификува и предлага подрачја за заедничка соработка со здруженија во заедницата. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Консултира институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и за сопствената работа и ги зема предвид нивните препораки.
- Планира и остварува соработка со училиштата од реонот и пошироко.
- Развива проекти за развој на инклузивната практика во училиштето, во соработка со здруженија на граѓани и владини институции.
- Ги запознава и упатува учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање одреден проблем.
- Соработува со здруженија на граѓани кои реализираат програми за деца и млади.



# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Професионалниот и кариерниот развој на стручните соработници во воспитно-образовната практика претставува интегрален дел на нивната работа. Тие постојано ги надградуваат педагошко-психолошките, социолошките, дефектолошките и социјалните знаења за да ги применат во својата работа и за да придонесат за професионалниот развој на останатиот воспитно-образовен кадар. Стручните соработници активно работат на сопственото усовршување, ги знаат правата, одговорностите и етичкиот кодекс на професијата, развиваат и применуваат рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената практика, го планираат сопствениот професионален развој и учествуваат во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето, водат евиденција за сопствениот професионален развој. Членуваат и учествуваат во работата и активностите на професионалните здруженија.

Стручните соработници имаат значајна улога во поддршката на професионалниот развој на ниво на училиште, особено во идентификувањето на потребите на наставниците, планирањето и организирањето на различни форми на стручно усовршување во училиштето и следењето на ефектите.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## Потподрачје: ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја сфаќа комплексноста на професијата стручен соработник, како и правата и одговорностите што таа ги носи. | 1.1 Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената практика. |
| 2. Ја сфаќа важноста на личниот професионален развој. | 2.1 Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија на сопствената работа. |
| 3. Ги познава компетенциите и стандардите за стручните соработници. | |
| 4. Знае како да изработи личен план за професионален развој. | |
| 5. Ги знае ефективните начини и можности за личен и професионален развој. | 5.1 Развива и применува рефлективни вештини за анализирање, самоевалвација и подобрување на сопствената практика. |
| 6. Ја разбира и почитува филозофијата на доживотно учење. | 6.1 Промените и новините во сопствената професија ги применува во работата. |
| 7. Информиран е за професионалните здруженија на стручните соработници. | 7.1 Соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето. |
| 8. Го познава етичкиот кодекс на професијата. | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Внесува иновации во сопствената работа и врши проценка на нивната ефективност.
- Го планира, води евиденција и поседува докази (личен план, сертификати, посетени и реализирани обуки, белешки од саморефлексија и слично) за сопствениот професионален развој.
- Учествува во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето.
- Следи стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето.
- Учествува во различни активности на професионалните здруженија, социјалните мрежи и форуми со цел да ја подобри својата работа.
- Се однесува согласно етичкиот кодекс на професијата.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја разбира важноста на професионалниот развој за подобрување на работата во училиштето. | 1.1 | Активно промовира професионални и колегијални односи и соработува со колегите. |
| | | 1.2 | Придонесува за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето. |
| 2. | Информиран е за стручните настани во образованието. | 2.1 | Ги мотивира наставниците за да се усовршуваат професионално и создава поттикнувачка средина во која сите учат. |
| 3. | Ги познава методите и формите на стручно усовршување. | 3.1 | Го планира професионалниот развој врз основа на испитувањето на потребите на наставниците. |
| 4. | Знае како се планира професионалниот развој на наставниците. | 4.1 | Реализира различни форми на едукација со воспитно-образовниот кадар. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во работата на тимот за професионален развој во училиштето.
- Учествува во реализацијата на делови од програмата за наставниците на кои им е потребна поддршка.
- Информира и врши дисеминација на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки.
- Им помага на стручните активи во подготовката и реализацијата на одделни содржини од нивната работа.
- Споделува стручни материјали со колегите.
- Ги упатува наставниците да користат различни ресурси за осовременување на наставниот процес.
- Соработува со професионалци и експерти заради подигање на професионалните знаења за наставниците.
- Подготвува инструменти, прибира податоци, ги анализира потребите за професионален развој на наставниците.
- Предлага теми за обука во училиштето.
- Им помага на наставниците да ги идентификуваат своите потреби и да изготват личен план за професионален развој.
- Споделува искуства и користи совети за подобрување на својата работа.
- Реализира разни форми на интерно стручно усовршување со наставниците (предавања, работилници и сл.) за содржини специфични за неговата потесна стручна област.



# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Стручните соработници промовираат унапредување на воспитно-образовната работа што е базирано врз научни сознанија и врз податоци од анализи и истражувања на состојбите во конкретното училиште. Компетентните стручни соработници поседуваат знаења и умеења за аналитичко-истражувачка работа која опфаќа: редовно собирање податоци, проценка и анализа на сите сегменти и субјекти од воспитно-образовниот процес, истражување на одделни појави кои се јавуваат како движечки или фактори кои го попречуваат квалитетот на работата, како и постојано вреднување на процесот и постигањата заради унапредување на работата.

Тие умеат да идентификуваат релевантни прашања за училиштето кои треба да бидат анализирани и истражени, а познаваат и соодветни методи и техники за прибирање податоци за мерење на ефектите од преземените активности. Аналитичко-истражувачката работа е подрачје во дејноста на стручните соработници, каде што до израз доаѓаат нивните способности за анализа и синтеза, организациските способности и способноста за тимска работа. При следењето, собирањето и чувањето на податоците, проценката и анализата, тие се придржуваат кон законските, научните и етичките принципи за одговорен однос кон податоците и кон нивното користење.

Стручните соработници согласно своите компетенции вршат објективно следење, систематско собирање и класификација на податоци, систематско набљудување и анализирање на воспитно-образовниот процес, но со различен статус, задачи, форми и нивоа на учество и ангажирање. Најчесто тие се координатори на редовните анализи што се вршат на ниво на училиште, иницијатори и носители на системските и акциските истражувања, а соработници или учесници во истражувања раководени од стручни/научни институции.

Во аналитичко-истражувачката работа стручните соработници најчесто работат тимски и во соработка со наставниците, а нивниот ангажман е определен од нивната потесна стручност.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

### Потподрачје: АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
| --- | --- |
| 1. Знае каква документација се води за воспитно-образовната работа во училиштето. | 1.1 Придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето.<br>1.2 Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес. |
| 2. Ја познава методологијата за анализа на документацијата. | 2.1 Поврзува, обработува и анализира различни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите. |
| 3. Ги знае начините за интерпретација и известување за резултатите од анализата. | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвувањето инструменти (протоколи, евидентни листи, обрасци) за прибирање податоци.
- Ги споделува/презентира добиените информации од проценката и анализата со/на вработените, родителите, заедницата, стручните органи и тела, надлежните институции.
- Индивидуално или во соработка со колеги прави анализа и извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа.
- Прави прегледи, анализи (споредбени, трендови) и извештаи за успехот, поведението, редовноста, опфатот и напредувањето на учениците, социјалната состојба и потребите на учениците и сл.
- Пишува јасни извештаи, анализи, прегледи, и други стручни материјали во кои соодветно ги интегрира и синтетизира добиените сознанија.

# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

## Потподрачје: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Има основни познавања од методологијата на истражувањата во образованието и основите на дескриптивната статистика. | 1.1 | Се залага унапредувањето на воспитно-образовната работа да се базира врз истражувања и факти. |
| | | 1.2 | Анализира и интерпретира податоци од спроведени истражувања. |
| | | 1.3 | Ги користи резултатите од истражувањата во сопствената практика. |
| 2. | Познава различни техники за прибирање информации за воспитно-образовната практика. | 2.1 | Спроведува истражувања на прашања актуелни за училиштето. |
| 3. | Ги познава методите за квантитативна и квалитативна анализа на податоците. | 3.1 | Анализира податоци од квантитативни и квалитативни истражувања. |
| | | 3.2 | Користи програми за статистичка обработка на податоци. |
| 4. | Ги знае начините за соодветна интерпретација и известување за резултатите од истражувањата. | 4.1 | Интерпретира податоци од различни видови истражувања. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Идентификува проблеми за чие решавање се потребни податоци добиени со истражување.
- Ги споделува/презентира сознанијата добиени со истражувањата пред различни корисници (вработените, родителите, заедницата, стручните органи и тела, надлежните институции).
- Дава предлози и сугестии за подобрување на практиката врз основа на сознанијата од истражувањата.
- Изработува нацрти и планови за истражувања.
- Избира методи и избира/изработува инструменти соодветни за проблемот којшто се истражува.
- Спроведува интервјуа, анкетирања, тестирања на знаењата, систематски набљудувања.
- Прави статистичка обработка, анализа на податоците, и интерпретација на резултатите.
- Пишува извештај од спроведено истражување.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

Компетентните стручни соработници поседуваат знаења и разбирања за системот на образованието и за училишниот систем, имаат широко познавање за физичкиот, социјалниот, емоционалниот и когнитивниот развој на децата и ги следат најновите истражувања и достигнувања во својата област. Заради позицијата и можноста да имаат увид во севкупната работа на училиштето, тие се вклучени и интервенираат во речиси сите сегменти од работата на училиштето, ги обединуваат сите чинители во воспитно-образовната работа во училиштето кон остварување на заедничките цели, ги следат процесите кои се случуваат, даваат совети и препораки за поуспешна работа и учествуваат во градењето, развивањето и евалуацијата на програми, процедури и практики кои овозможуваат добро функционирање и развој на училиштето.

Нивното учество во работата на училиштето особено се забележува во делот на градењето позитивна клима и создадавањето сигурна, безбедна, стимулативна и ефективна средина за учење и развој на учениците и нивно демократско учество во работата и животот во училиштето. Во својата работа ги почитуваат и применуваат принципите на недискриминација, еднаквост и правичност кон сите ученици. Се стремат кон развој и примена на инклузивна политика во нивната работна средина, како и почитување на мултикултурализмот како основа за меѓусебно почитување.

Со својот начин на комуникација, етичко однесување, толеранција, соработка со другите и посветеност на работата претставуваат позитивен модел за учениците и наставниците.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

### Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Го познава образовниот систем, особено потсистемот на образованието во којшто работи, и актите со кои е регулиран. | 1.1 | Се раководи според општите принципи на системот на воспитание и образование. |
| | | 1.2 | Ја евалуира и проценува работата на училиштето. |
| 2. | Ги разбира современите образовни тенденции. | 2.1 | Го следи воспитно-образовниот процес и предлага мерки за унапредување. |
| 3. | Информиран е за актуелните случувања во образованието во земјата. | 3.1 | Промовира иновации во воспитно-образовната работа согласно принципите за настава и учење за 21-от век. |
| 4. | Го знае системот на организација и функционирање на училиштето. | 4.1 | Промовира систематичност и одговорност во работењето на училиштето. |
| 5. | Ги познава документите со кои е регулирана работата на училиштето. | | |
| 6. | Ги знае потребите и приоритетите на училиштето. | | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Вклучен е во процесот на самоевалуација на училиштето.
- Учествува во изработката на инструменти за самоевалуација на училиштето и сопствената работа.
- Изготвува и образложува иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа.
- Учествува во изготвувањето развојна програма и годишна програма за работа на училиштето.
- Учествува во организацијата на работата во училиштето (распоред, календар, распределба на учениците, планирање и програмирање и слично).
- Учествува во работата на стручни органи и тела во училиштето.
- Води евиденција за работата со учениците и родителите и ја чува на безбедно место.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

### Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава принципите за создавање позитивна клима во училиштето. | 1.1 Поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедина средина и позитивна клима.<br>1.2 Развива чувство за припадност, заемно почитување и придонес кон училишната заедница. |
| 2. Ја знае важноста од вклученоста на сите ученици во образовниот процес. | 2.1 Придонесува за инклузивната клима во училиштето. |
| 3. Ги знае конвенциите за правата на децата и за антидискриминација. | 3.1 Промовира вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување. |
| 4. Знае за можностите за појава и опасностите од дискриминација врз сите основи. | 4.1 Создава клима за прифаќање и недискриминација. |
| 5. Знае за можностите за појава и опасностите од родово неизбалансиран пристап кон учениците и ученичките. | |
| 6. Знае за можните закани по физичката и психичката безбедност на учениците. | 6.1 Ги идентификува можните закани по безбедноста кои се специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето. |
| 7. Знае за важноста на учеството на учениците во донесувањето одлуки кои се од интерес за нивниот живот во училиштето. | 7.1 Поттикнува чувство на одговорност и ангажман кај учениците. |
| 8. Ја разбира важноста на обезбедувањето соодветна атмосфера и услови за слободно конструктивно изразување на мислењето на учениците за животот во училиштето. | 8.1 Обезбедува соодветна атмосфера и услови за демократско учество на учениците во животот на училиштето.<br>8.2 Им помага на учениците во процесите на информирање, формирање и искажување мислење, донесување одлука и преземање соодветна акција за нив релевантни прашања од животот во училиштето што се од нивен интерес. |
| 9. Знае начела и механизми за демократско учество на учениците во животот на училиштето, како и за формирање ученичка заедница базирана врз демократски основи. | 9.1 Им помага на учениците и наставниците во формирањето ученичка заедница врз демократски основи.<br>9.2 Промовира вредности кои се однесуваат на личната безбедност и безбедноста на другите. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Иницира и реализира активности за промоција на постигањата на вработените и учениците.
- Член е на тимот за превенција на насилство во училиштето.
- Ги организира учениците во заеднички активности каде што до израз доаѓа меѓуврсничката соработка.
- Развива програми кои се однесуваат на социјалната и образовната инклузија.
- Учествува во организирање хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории.
- Ги идентификува случаите на дискриминација и нерамноправност во училиштето и презема соодветна акција.
- Превенира случаи на дискриминација во училиштето.
- Ги сензибилизира наставниците и учениците за родова еднаквост.
- Презема активности за отстранување на можните закани (предлага системски мерки, превенира, советува и сл.).
- Планира и организира активности за демократско учество на учениците во животот на училиштето и ги презентира ефектите од тоа.
- Учествува во работата на ученичките организации и клубови.
- Преку презентирање на научни сознанија врши сензибилизирање во училиштето за позитивните ефекти од слободното изразување на мислење врз развојот на учениците.
- Прави анализи и дава сугестии за користење различни можности за учество на учениците.
- Огранизира дебати, дискусии и сл. на тема демократско учество на учениците.
- Работи со поединци и групи ученици на надминување бариери за изразување мислење и учество.
- Учествува во организацијата и реализацијата на социјални активности во училиштето.
- Работи со ученичките заедници на ниво на училиштето.
- Во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на ученици, им дава соодветна советодавна помош.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПЕДАГОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

ПЕДАГОГОТ првенствено дејствува во насока на креирање ефективна образовна практика и развивање соодветни техники и методи за подобрување на процесот на учење. Почитувајќи ги индивидуалните потреби и карактеристики на учениците, педагогот нив ги советува, едуцира и им помага да го подобрат начинот на учење и однесувањето. Тој практикува методи и средства за воспитна работа со учениците. Применува современи модели на педагошко водење во различни воспитни ситуации во училиштето. Реализира советодавно-воспитна работа со учениците за надминување на причините за проблемите во учењето и однесувањето. Им помага на учениците во изборот на слободните активности согласно нивните интереси.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Познава принципи за работа во работилници. | 1.1 | Има вештини за модерирање педагошки работилници. |
| 2. | Познава ефективни техники за учење. | 2.1 | Им помага на учениците да ги развиваат вештините за самостојно учење. |
| 3. | Познава соодветни стратегии за поучување. | 3.1 | Избира и применува соодветни вештини за поучување. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира работилници за подобрување на учењето на учениците (на пр., стилови за учење, техники на учење и сл.).
- Индивидуално и/или групно ги поучува учениците како да учат.
- Подготвува, приспособува, предлага и применува соодветни стратегии за поучување.
- Учествува во приспособувањето наставни содржини за конкретни ученици согласно нивните потреби и можности.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите. | 1.1 Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците. |
| | 1.2 Користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. |
| 2. Знае принципи, модели и форми за користење на слободното време на учениците во училиштето. | 2.1 Дава поддршка во организацијата и реализиацијата на воннаставните активности на учениците во училиштето. |
| 3. Ги знае принципите, методите и средствата на воспитната работа. | 3.1 Има вештина за решавање на воспитни ситуации со примена на современи модели за педагошко водење. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на учениците да се справат со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство и слично).
- Прибира податоци за личниот и социјалниот развој на учениците (преку набљудување, интервјуирање, анкетирање, фокус групи).
- Прибира информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
- Реализира работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје (на пр., зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, асоцијално однесување, справување со дискриминација, несакана бременост и сл.).
- Интервенира при несоодветно однесување на учениците.
- Ги информира учениците за воннаставните активности во училиштето.
- Учествува и дава поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за реализација на слободните активности во училиштето.
- Учествува во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за учество во воннаставни активности.
- Учествува во реализацијата на дел од воннаставните активности.
- Реализира активности за практикување демократија во училиштето.
- Советува и следи ученици преку поттикнување, спречување, убедување, уверување и разговор.
- Ја користи реституцијата при воспитната работа.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

ПЕДАГОГОТ особено им помага на наставниците во: планирањето на наставните и воннаставните активности при што за основа ги зема претходните планирања и резултатите од постигањата на учениците, реализацијата на наставата со користење соодветни современи методи, форми, активности, средства/ресурси, оценувањето на учениците со цел да се поддржи учењето, водењето на педагошката евиденција и докумнетација, органиизрањето на родителските средби и самоевалуацијата на работата на наставниците.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае принципите и методите за ефективна настава. | 1.1 | Дава стручна помош во подготовката и реализацијата на интерактивната настава. |
| 2. | Поседува знаења за екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците. | 2.1 | Дава стручна помош во подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците. |
| 3. | Знае современи и различни методи за следење и оценување и нивните можности и ограничувања. | 3.1 | Им помага на наставниците да избираат и изготвуваат инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат. |
| 4. | Ги познава пропишаните стандарди за формативно и сумативно оценување. | | |
| 5. | Познава методологии за вреднување учебници. | 5.1 | Вреднува педагошки аспекти на учебниците. |
| 6. | Познава иновативни приоди во наставата. | 6.1 | Промовира иновативни приоди во наставата. |
| 7. | Познава методи и техники за поддршка на наставниците при самовреднувањето на наставната работа. | 7.1 | Промовира култура на самовреднување како основа за унапредување на наставата. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира работилници и индивидуални консултации за обезбедување активно учество на учениците во наставата (на пр,. поставување прашања, истражувања, почитување на интересите на учениците и сл.).
- Ги информира наставниците за различни видови екстерни тестирања (цели, видови задачи, начин на спроведување).
- Им помага на наставниците да обезбедат учениците да стекнат искуства за различни видови испити (усни, тестови, практични).
- Дава насоки за документирање на постигањата на учениците (групни или индивидуални консултации).
- Реализира работилници за квалитетно оценување.
- Дава насоки за избор на соодветни методи и за изработување и користење инструменти за оценување на постигањата на учениците.
- Учествува во работни групи за избор на учебници и други извори на знаење.
- Ги упатува наставниците за начини за користење инструменти и процедури за вреднување учебници.
- Подготвува и реализира отворени часови, со цел демонстрација на современи форми и организација на наставата и учењето, методите и средствата за работа.
- Изработува инструменти за самовреднување на наставата.
- Им пружа помош и поддршка на наставниците во процесот на самоевалуација на наставата.
- Ги упатува наставниците како да ги користат резултатите од самоевалуацијата на наставата.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае постапки за идентификација на надарени ученици.<br>2. Знае начини на работа со ученици со различни лични карактеристики. | 1.1 Ги поврзува карактеристиките на учениците со соодветните начини на работа со ученици. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги советува наставниците како да ги идентификуваат надарените ученици.
- Предлага или заедно со наставникот осмислува начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици и за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси од различни карактери.
- Ги објаснува и демонстрира начините на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

ПЕДАГОГОТ особено им помага на родителите во поглед на видот и начините за поддршка кои тие треба да му ги обезбедуваат на детето во процесот на учење, со цел тоа да ги развие и искористи своите потенцијали, како и во однос на воспитувањето на децата во домот (навики за учење, користење на слободното време, начини на комуникација со децата).

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги знае начините за поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби. | 1.1 На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка. |
| 2. Ги знае формите и методите за ефективно советување на родители. | 2.1 Користи различни методи за индивидуални и групни советувања на родителите. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош.
- Реализира индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со посебни образовни потреби.
- Организира и спроведува групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

ПЕДАГОГОТ во фокусот на соработката ги има образовните, здравствените, социјалните, научните, културните и други установи кои можат да придонесат за поквалитетно учење и развој на учениците. Соработува со научните и образовните институции на истражувања и воведување иновативни приоди во воспитно-образовната работа.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

### Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Информиран е за соодветните фирми во кои може да се реализира практична настава. | 1.1 | Ги поврзува карактеристиките на учениците со формите на практична настава. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Се вклучува во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

ПЕДАГОГОТ има посебна улога во изготвувањето на програмата за работа на наставниците-приправници и во процесот на нивното менторирање. Педагозите, исто така, ги следат ефектите и водат документација за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава основните професионални компетенции за настаавници. | 1.1 | Формите и содржините на професионалниот развој ги поврзува со потребните компетенции на наставниците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води документација за професионалниот развој на наставниците.

# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

ПЕДАГОГОТ првенствено го следи, анализира и истражува воспитно-образовниот процес сфатен во најширока смисла и врз основа на сознанијата од анализите и истражувањата предлага мерки за унапредување на наставата и другите облици на воспитно-образовната работа во институцијата.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава постапките за спроведување акциско истражување во наставата. | 1.1 | Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Предлага акциски истражувања за зголемување на ефективноста на наставата.
- Учествува во акциски истражувања во наставата.
- Ги интерпретира сознанијата од акциските истражувања и предлага наредни активности.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

ПЕДАГОГОТ особена улога има во следењето и унапредувањето на наставата, начинот на водење на педагошката документација, работата со ученичката заедница, ученичките организации и клубови.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

ПЕДАГОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Знае како треба да се одвива наставниот процес. | 1.1 | Користи инструменти за следење и ги интерпретира добиените сознанија за следниот час; развива стратегии за подобрување на наставата. |
| 2. | Ги знае структурата на педагошката евиденција и документација и начините за нејзино водење. | 2.1 | Организира и/или реализира периоднично следење на педагошката евиденција и документација. |
| | | 2.2 | Учествува во процесот на опфаќање на училишните обврзници и формирање на паралелките. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Следи наставни часови, ги анализира сознанијата и предлага мерки релевантни за целото училиште.
- Го следи начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалага мерки за подобрување.
- Воспоставува процедури за евиденција и обезбедување на опфатот на учениците.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПСИХОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**ПСИХОЛОГОТ** првенствено работи со учениците на нивниот емоционален развој, како и на поддршка и развој на нивните позитивни лични карактеристики и силни страни. Тој ги препознава, идентификува и работи со ученици кои имаат емоционални потешкотии, проблеми во однесувањето и во приспособувањето на средината, а исто така, ги препознава, идентификува и работи со надарени и талентирани ученици. За остварување на овие цели, конкретно заради подобро идентификување на психолошките карактеристики на учениците, психологот користи валидирани и нормирани тестови. Психолозите ги применуваат тестовите според Законот на психолошката дејност. Притоа, тие се водени од најдобриот интерес на учениците, а со информациите добиени од тестирањата постапуваат доверливо и безбедно ги чуваат. Во функција на оптимален психосоцијален развој на учениците, психолозите организираат работилници насочени кон развој на самодовербата, прифаќање на одговорноста за сопствените постапки и справување со различни кризни ситуации.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае потврдени техники и стратегии за проценка и поттикнување на когнитивниот развој. | 1.1 Им помага на учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и да ги развиваат вештините за самостојно учење. |
| 2. Познава техники за советување. | 2.1 Користи пристапи во советувањето на учениците базирани врз идентификување на нивните силни страни, развивање на нивниот потенцијал и ги следи ефектите од советувањата. |
| 3. Познава принципи на работа во работилници. | 3.1 Има вештини за модерирање психолошки работилници. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Врши проценка на когнитивните потенцијали на учениците.
- Врши проценка на психосоцијалните причини за неуспех во учењето.
- Учествува во проценувањето на подготвеноста на учениците за забрзано напредување.
- Реализира работилници и индивидуални консултации за учење и сл.
- Реализира индивидуални и групни советодавни средби со учениците што се соочуваат со неуспех во учењето.
- Реализира работилници кои се релевантни за подобрување на учењето на учениците (на пр., мотивација за учење, критичко мислење, креативно мислење, решавање проблеми и сл.).

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите. | 1.1 Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците.<br>1.2 Користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. |
| 2. Знае потврдени техники и стратегии за проценка и подобрување на социоемоционалното функционирање на учениците и нивното ментално здравје. | 2.1 Го проценува и следи социјалниот и личниот развој на учениците и дава поддршка за нивниот хармоничен развој.<br>2.2 Придонесува за личниот и социјалниот раст и развој на учениците. |
| 3. Знае како медикаментите и дрогата (хемиските супстанции) влијаат врз психофизичката состојба и однесувањето. | 3.1 Придонесува за превенција на болести на зависност. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на учениците да се справат со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство и слично).
- Прибира податоци за личниот и социјалниот развој на учениците (преку набљудување, интервјуирање, анкетирање, фокус групи).
- Прибира информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
- Реализира работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје ( на пр., зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, асоцијално однесување, справување со дискриминација, несакана бременост и сл.).
- Интервенира при несоодветно однесување на учениците.
- Развива стратегија за поддршка на психичкиот развој на учениците, приспособена на специфичностите на самите ученици и училиштето.
- Користи тестови за проценка на личноста.
- Планира, организира и реализира работилници за личен раст и развој (на пример: свест за себе, самодоверба, свест за правата и одговорностите, препознавање и справување со емоции, итн.).
- Планира, организира и реализира работилници за психосоцијални вештини (на пример: комуникациски вештини, разрешување конфликти, препознавање на проблеми и справување со нив, итн.).
- Планира, организира и реализира превентивни работилници.
- Ги идентификува и советува учениците што користат психотропни супстанции каде да побараат соодветна помош и ги информира родителите и соодветните служби.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава психолошки мерни инструменти што се користат при професионалната ориентација. | 1.1 Врши проверка на општите и специфичните способности и професионалните интереси на учениците.<br>1.2 Ги синтетизира добиените информации. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Користи тестови за професионални интереси.
- Користи тестови за општи и посебни способности.
- Ги презентира информациите на начин достапен за учениците.



# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

ПСИХОЛОГОТ особено им помага на наставниците во: работата со учениците со цел тие да напредуваат според сопствените потенцијали, креирањето соодветна атмосфера за работа, како и за воспоставување ефективна комуникација со учениците и меѓу учениците во процесот на наставата и учењето.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае принципите и методите за ефективна настава. | 1.1 | Дава стручна помош во подготовката и реализацијата на интерактивната настава. |
| 2. | Поседува знаења за екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците. | 2.1 | Дава стручна помош во подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците. |
| 3. | Знае современи и различни методи за следење и оценување и нивните можности и ограничувања. | 3.1 | Им помага на наставниците да избираат и изготвуваат инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат. |
| 4. | Ги познава пропишаните стандарди за формативно и сумативно оценување. | | |
| 5. | Поседува знаења од психометрија. | 5.1 | Прави психометриска анализа на тестови за знаења. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира работилници и индивидуални консултации за обезбедување активно учество на учениците во наставата (на пр., поставување прашања, истражувања, почитување на интересите на учениците и сл.).
- Ги информира наставниците за различни видови екстерни тестирања (цели, видови задачи, начин на спроведување).
- Им помага на наставниците да обезбедат учениците да стекнат искуства за различни видови испити (усни, тестови, практични).
- Дава насоки за документирање на постигањата на учениците (групни или индивидуални консултации).
- Реализира работилници за квалитетно оценување.
- Дава насоки за избор на соодветни методи и за изработување и користење инструменти за оценување на постигањата на учениците.
- Дава насоки (индивидуални или групни консултации) за подобрување на тестовите врз основа на психометриска анализа.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Знае постапки за идентификација на надарени ученици. | 1.1 | Ги поврзува карактеристиките на учениците со соодветните начини за работа со ученици. |
| 2. | Знае начини за работа со ученици со различни лични карактеристики. | 1.2 | Ги синтетизира добиените информации. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги советува наставниците како да ги идентификуваат надарените ученици.
- Предлага или заедно со наставникот осмислува начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици и за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси од различни карактери.
- Ги објаснува и демонстрира начините на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

ПСИХОЛОГОТ особено им помага на родителите да ги препознаат и разберат развојните и индивидуалните потреби на своето дете, кризите во учењето и однесувањето со кои детето се соочува, ги советува како да ги развијат потребните вештини и начини на комуникација со децата и ги упатува на видот и начините на давање поддршка во психосоцијалниот развој.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае начините за поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби. | 1.1 | На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка. |
| 2. | Ги знае формите и методите за ефективно советување на родители. | 2.1 | Користи различни методи за индивидуални и групни советувања на родителите. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош.
- Реализира индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со посебни образовни потреби.
- Организира и спроведува групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

### Потподрачје: ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја разбира важноста на соработката со семејството за превенција на негативни влијанија кај младите. | 1.1 Развива стратегии за превенција на потенцијално негативни влијанија на средината врз младите. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Презема со родителите превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и за надминување на изразени тешкотии и слично.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

ПСИХОЛОГОТ во фокусот на соработката ги има образовните, здравствените, социјалните, научните, културните и други установи кои можат да придонесат за поквалитетно учење и развој на учениците. Психолозите соработуваат со научните и образовните институции на истражувања и воведување иновативни приоди во воспитно-образовната работа.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

### Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Информиран е за соодветните фирми во кои може да се реализира практична настава. | 1.1 | Ги поврзува карактеристиките на учениците со формите на практична настава. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Се вклучува во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

ПСИХОЛОГОТ има посебна улога во изготвувањето на програмата за работа на наставниците-приправници и во процесот на нивното менторирање. Психолозите, исто така, ги следат ефектите и водат документација за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава основните професионални компетенции за наставници. | 1.1 | Формите и содржините на професионалниот развој ги поврзува со потребните компетенции на наставниците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води документација за професионалниот развој на наставниците.

# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

ПСИХОЛОГОТ ја анализира и истражува климата во институцијата, го следи и анализира развојот на учениците и прави проценка заради нивно подобро разбирање и преземање соодветни мерки. Притоа, често користи стандардизирани психолошки мерни инструменти и процедури за проценка на способностите и на други особини на личноста на учениците.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава можностите и ограничувањата на различни тестови за личноста и тестови за знаења. | 1.1 | Правилно ги користи психолошките тестови и ги интерпретира резултатите од тестирањата. |
| 2. | Ги познава психометриските стандарди. | 2.1 | Ги почитува психометриските стандарди при изборот и изработката на мерни инструменти. |
| 3. | Ги познава постапките за спроведување акциско истражување во образованието. | 3.1 | Спроведува акциски истражувања при осмислувањето програми за подобрување на учењето и менталното здравје на учениците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Врши мерења на психолошките карактеристики на учениците за истражување на поврзаноста со учењето и однесувањето на учениците.
- Идентификува и предлага акциски истражувања за подобрување на учењето и менталното здравје на учениците.
- Спроведува и/или учествува во акциски истражувања.
- Ги интерпретира сознанијата од акциските истражувања и предлага соодветни програми/активности.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

ПСИХОЛОГОТ примарна улога има во: градењето превентивни програми со кои се промовира менталното и физичкото здравје на учениците и нивната демократска партиципација во училиштето, интервенцијата во кризни ситуации во училиштето, обезбедувањето психосоцијална и емоционална поддршка на сите кои се вклучени во воспитно-образовниот процес.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

ПСИХОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Знае како треба да се одвива наставниот процес. | 1.1 | Користи инструменти за следење и ги интерпретира добиените сознанија за следниот час. |
| | | 1.2 | Развива стратегии за подобрување на наставата. |
| 2. | Знае правилно да користи психодијагностички инструменти. | 2.1 | Ги избира и користи оние психодијагностички инструменти кои се соодветни за работа во училиште. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Следи наставни часови, ги анализира сознанијата и предлага мерки релевантни за целото училиште.
- Психолошките тестови и резултатите од нив ги чува безбедно.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

## Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

ПСИХОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава различни начини за справување со кризни ситуации во училиштето. | 1.1 Користи механизми, техники и стратегии за кризна интервенција во училиштето.<br>1.2 Користи вештини за разрешување конфликти и ги развива истите кај учениците. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во развивањето превентивни програми (на пр., јакнење на самодовербата и самопочитувањето, превенција на непожелни видови однесување, учење на социјални вештини, мотивација за учење и сл.) за сите ученици, особено за оние од ранливите групи.
- Реализира работилници со наставници и ученици за родова еднаквост.
- Во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на ученици, им обезбедува соодветна советодавна помош и психосоцијална и емоционална поддршка.
- Упатува на начините и интервенира во разрешувањето конфликтни ситуации.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СОЦИОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**СОЦИОЛОГОТ** главно работи со ученици во правец на нивна социјализација, дружење и развивање позитивни вредности кај нив. Тој ги следи, идентификува и работи со ученици кои имаат проблеми со приспособувањето и прифаќањето на средината и правилното користење на слободното време и со приспособувањето на нормите на однесување. Социологот им помага на учениците да имаат и да покажат поголема сензитивност за културните разлики во училиштето, и тоа да води кон намалување на етноцентризмот и подобро заемно разбирање. Социологот на учениците им помага во меѓусебната интеракција, поточно им помага да водат успешна комуникација меѓу себе, како и комуникација меѓу ученикот и наставникот. Социологот во рамките на своите истражувања за реалноста ги вклучува учениците со цел кај нив да ги развие нивните способности за тимска работа и при тоа да ја осознаат комплексноста на општеството и општествените појави. За таа цел, социологот за учениците организира стручни советувања на теми кои се релевантни за нивниот развој (како на пример, советувања за културните различности, за причините и последиците од зависности, криминал од модерната технологија, насилство и др.). Тој организира општествени активности на учениците во училиштето и надвор од него, работи на подобрување на односите меѓу учениците од различни ентитети и маргинализирани групи, и на зајакнување на соработката меѓу учениците.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

СОЦИОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава социјалните фактори кои влијаат на учењето и успехот на учениците. | 1.1 | Ги идентификува учениците од социјално ранливите категории и им обезбедува поддршка во учењето. |
| 2. | Знае за социопатолошките појави меѓу младите. | 2.1 | Идентификува и проценува ученици со социопатолошко однесување во училиштето и им обезбедува соодветна поддршка. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организира различни форми за социјализација на учениците (на пр., вонннаставни активности за дружење).
- Ги информира учениците за одделни појави од општествениот живот и ги упатува на вистинските. информации и извори за нив.
- Следи, идентификува и работи со ученици кои имаат проблеми со планирањето на слободното време, со приспособувањето и асоцијалноста.
- Подготвува и реализира програми за помош на учениците со асоцијално и девијантно однесување.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите. | 1.1 Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците.<br>1.2 Користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. |
| 2. Знае принципи, модели и форми за користење на слободното време на учениците во училиштето. | 2.1 Дава поддршка во организацијата и реализацијата на воннаставните активности на учениците во училиштето. |
| 3. Ја знае важноста на структурирањето на слободното време за позитивен развој на личноста. | 3.1 Ги мотивира учениците за активно користење на слободното време. |
| 4. Знае принципи, модели и форми за користење на слободното време на учениците во и надвор од училиштето. | 4.1 Дава поддршка во организацијата и реализацијата на воннаставните активности на учениците во и надвор од училиштето. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на учениците да се справат со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство и слично).
- Прибира податоци за личниот и социјалниот развој на учениците (преку набљудување, интервјуирање, анкетирање, фокус групи).
- Прибира информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
- Реализира работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје (на пр., зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, асоцијално однесување, справување со дискриминација, несакана бременост и сл.).
- Интервенира при несоодветно однесување на учениците.
- Ги информира учениците за воннаставните активности во училиштето.
- Учествува и дава поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за реализација на слободните активности во училиштето.
- Учествува во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за учество во воннаставни активности.
- Учествува во реализацијата на дел од воннаставните активности.
- Им помага на учениците во планирањето и ефективното користење на слободното време.
- Организира различни форми за социјализација на учениците (воннаставни активности за дружење).
- Ги информира учениците за воннаставните активности во и надвор од училиштето.
- Учествува и дава поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за реализација на слободните активности во и надвор од училиштето.
- Учествува во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за учество во воннаставни активности во и надвор од училиштето.
- Учествува во реализација на дел од воннаставните активности во и надвор од училиштето.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**СОЦИОЛОГОТ** особено дава придонес во: подобрувањето на работата на наставниците при планирањето и организирањето на воннаставните активности, работата со општествените организации (детска, младинска, Црвен крст,извидничка, феријална), соработката со локалната заедница, производствената и друга општествено-корисна работа во училиштето и надвор од него, соработката со стопанските субјекти, поддршката на работата на заедницата на учениците, соработката со родителите и др.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

**СОЦИОЛОГОТ...**

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае потенцијалите и ризиците во учењето на учениците со различно социокултурно потекло. | 1.1 | Им помага на наставниците при планирањето да водат грижа за социјалните и културните карактеристики на средината и семејствата на учениците. |
| 2. | Знае за потенцијалите на различни видови воннаставни активности. | 2.1 | Им помага на наставниците при планирањето и организирањето на наставните и воннаставните активности, општествените организации, соработката со локалната заедница, социјалната функција и функционирањето на заедницата на училиштето, соработката со родителите и друго. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира работилници или им дава индивидуална помош на наставниците за различни начини на прибирање податоци за социјалната ситуација на ученикот (услови за живеење, учење, можности за напредување).
- Со наставниците изработува програми за воннаставни активности, општествени организации, соработка со родители.
- Учествува во организацијата на воннаставни активности.
- Изработува инструменти за следење и вреднување на работата во наставните и воннаставните активности, општествените организации, заедницата на училиштето, соработката со родителите.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**СОЦИОЛОГОТ** посебно работи со родителите на учениците кои имаат проблеми во социјализацијата, девијантни однесувања, нарушени односи со учениците и наставниците, и ги советува родителите за соодветните начини за справување со појавите и за соработка со училиштето и релевантните институции.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае како да ја испита и процени семејната средина на детето. | 1.1 Им помага на родителите во идентификувањето, следењето и надминувањето на социопатолошки појави кај нивните деца. |
| | 1.2 Промовира здрав стил на живеење во семејството. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги следи и евидентира состојбите во семејствата на учениците што се ризични (неповолни) за нивниот развој.
- Ги советува родителите за можните начини на решавање на социопатолошките појави.
- Презема со родителите превентивни мерки за спречување на негативното влијание на заедницата врз младите и за надминување на изразените тешкотии.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја разбира важноста на соработката со семејството за превенција на негативни влијанија кај младите. | 1.1 Развива стратегии за превенција на потенцијално негативни влијанија на средината врз младите. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Презема со родителите превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и за надминување на изразените тешкотии и слично.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**СОЦИОЛОГОТ** првенствено соработува со други стручни лица, образовни институции, центри за социјална работа, полиција, здравствени институции, домови за деца и млади, спортски, хуманитарни, невладини и други организации, со канцелариите за млади и други здруженија на граѓани и организации, кои се занимаваат со организација на слободното време на младите, болести од зависност, превенција и спречување на девијантни појави (алкохол, дрога, кражби, проституција итн.).

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае функционалните односи и конфликти на училиштето и заедницата. | 1.1 | Го согледува влијанието на домот и заедницата врз учениците и училиштето. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Соработува со релевантни институции за спречување на девијантните појави во училиштето.
- Соработува со локалната заедница за организирано користење на слободното време.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава основните професионални компетенции за наставници. | 1.1 Формите и содржините на професионалниот развој ги поврзува со потребните компетенции на наставниците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води документација за професионалниот развој на наставниците.

# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**СОЦИОЛОГОТ** прибира и анализира податоци преку кои ги согледува типичните ситуациони кризни тешкотии и конфликти во училишната средина, социолошките причини за неуспехот на учениците, тешкотиите во приспособувањето на учениците, ги испитува и проучува предрасудите и стереотипите, јавното мислење во училиштето, влијанието на медиумите, ги испитува социокултурните потреби на учениците, содржините на активностите на учениците во слободното време и други социолошки појави релевантни за животот и работата во училиштето.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Запознаен е со методологијата на социолошките истражувања во образованието. | 1.1 Идентификува прашања релевантни за училиштето и ги истражува. |
| | 1.2 Ги користи резултатите од социолошките истражувања во сопствената практика. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Врши истражувања за положбата на поединецот во колективот, врши акциски истражувања, ги истражува причините за нарушени комуникациски односи меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, ги истражува причините за насилно однесување, за негативно влијание на масмедиумите и друго.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**СОЦИОЛОГОТ** има значајна улога во градењето чувство на припадност кон училиштето и придонесува за неговиот углед преку своите активности и јакнење на училишната клима.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

СОЦИОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае структурата на педагошката евиденција и документација и начините за нејзино водење. | 1.1 | Организира и/или реализира периодично следење на педагошката евиденција и документација. |
| | | 1.2 | Учествува во процесот на опфаќање на училишните обврзници и формирање на паралелките. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Го следи начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалага мерки за подобрување.
- Воспоставува процедури за евиденција и обезбедување на опфатот на учениците.

Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

СОЦИОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја знае важноста од вклученоста на сите ученици во образовниот процес. | 1.1 Се грижи за вклученоста на учениците со девијантно однесување во активностите во и надвор од училиштето. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира и советува учениците од социјално ранливите категории како да се вклучат во работата на ученичките заедници.
- Им помага на ученичките заедници да водат грижа во нивната работа да бидат вклучени ученици што го претставуваат составот на учениците (етнички, социјален ...).

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СОЦИЈАЛЕН РАБОТНИК

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК** е главно насочен кон работа со ученици од социјално ранливи категории за нивна помош, поддршка и интеграција во училишната средина и пошироката заедница. Социјалниот работник работи на откривање/идентификација на ученици кај кои неповолните социјални услови во средината се одразуваат врз образовните постигања и работи на нивно надминување. Тој спроведува индивидуална и групна социјална работа со ученици во социјален ризик и со социјални проблеми, како и социјална работа во локалната заедница за обезбедување на неопходната поддршка и ресурси за овие ученици и нивните семејства. Наедно, креира и имплементира програми за социјална превенција на примарно, секундардно и терцијарно ниво, за спречување на појавата на социјални проблеми кај учениците. Дејствува и како соработник и консултант на стручниот тим и училишната администрација со цел задоволување на социјалните потреби на учениците.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги разбира човечките односи, интеракции и влијанието на социјалните ситуации врз функционирањето на поединецот. | 1.1 | Располага со вештини за идентификација и евиденција на ученици со социјален ризик со потешкотии во учењето. |
| 2. | Ги познава методиките на социјалната работа со поединец и социјалната работа во локалната заедница. | 2.1 | Располага со вештини за идентификација, организација и искористување на расположливите ресурси во училишната и надворешната средина во функција на подобрување на образовниот успех на учениците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води евиденција и нуди помош и поддршка за ученици кај кои неповолните социјални услови во кои живеат негативно се одразуваат врз успехот во учењето.
- Организира и реализира активности за поддршка на ученици од социјално ранливи категории.
- Иницира поддршка и помош за учениците со потешкотии во учењето и слаб успех во соработка со наставниците за дополнителна настава, со други ученици за менторска помош, со организации во локалната заедница за образовна поддршка на ученици од социјално ранливи групи, со центарот за социјална работа за унапредување на социјалната ситуација на ученикот, а со тоа и на можностите за учење.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите. | 1.1 Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците.<br>1.2 Користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. |
| 2. Знае за влијанието на семејството врз развојот на учениците. | 2.1 Работи на интеграција на ученици од различни социокултурни средини. |
| 3. Ги познава системските пристапи и методиките за социјална работа со поединец, социјална работа со група и социјална работа во локалната заедница. | 3.1 Ги застапува правата и интересите на социјално ранливите ученици и ги поврзува со потребните ресурси за задоволување на нивните социјално-заштитни потреби. |
| 4. Запознаен е со основите на социјалната работа во услови на криза. | 4.1 Дава директни услуги за подобрување на социјалната ситуација на семејствата од кои потекнуваат учениците. |
| 5. Ги познава методите за реализација на програми за социјална превенција. | 5.1 Поседува вештини и применува техники за проценка, планирање и директна и индиректна интервенција поврзана со ученикот и средината. |
| 6. Ги познава проблемските пристапи во социјалната работа (пристап кон решавање проблеми, пристап кон решавање задачи, пристап фокусиран на решенија). | |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на учениците да се справат со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство и слично).
- Прибира податоци за личниот и социјалниот развој на учениците (преку набљудување, интервјуирање, анкетирање, фокус групи).
- Прибира информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
- Реализира работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје (на пр., зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, асоцијално однесување, справување со дискриминација, несакана бременост и сл.).
- Интервенира при несоодветно однесување на учениците.
- Прибира податоци за учениците и условите во коишто тие живеат, ги анализира и укажува на можните влијанија врз учењето и однесувањето на учениците.
- Со паралелките и другите форми на организација на учениците работи на прифаќање на учениците од социјално ранливи категории.
- Ги испитува социјалните услови на учениците.
- Изработува социјална карта на паралелката.
- Идентификува социјално ранливи ученици и им помага за вклучување во воспитно-образовниот процес.
- Идентификува и евидентира ученици кои живеат во неповолни социјални услови (ученици од сиромашни семејства, семејства со проблем на невработеност, самохрани семејства, маргинализирани и дискриминирани семејства, семејства мигранти, дисфункционални семејства, ученици без родители и родителска грижа, ученици деликвенти, ученици од семејства со проблеми во домувањето и бројни други социјални проблеми).
- Применува методи на индивидуална и групна социјална работа, поддршка и помош на учениците со пречки во социјалниот развој кај кои неповолните социјални услови резултирале со проблеми во социјализацијата, или условиле појава на социјални проблеми (деликвенција, болести на зависност, проституција и сл.).
- Поттикнува формирање групи на поддршка меѓу ученици со слични потешкотии и проблеми.
- Креира и спроведува програми за превенција на социјални проблеми кај сите ученици.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК** посебно им помага на наставниците во: обезбедувањето соодветно вклучување и работа со учениците од социјално ранливите групи и поддршка на нивните семејства.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги знае потенцијалите и ризиците во учењето на учениците со различно социокултурно потекло. | 1.1 Им помага на наставниците при планирањето да водат грижа за социјалните и културните карактеристики на средината и семејствата на учениците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира работилници или дава индивидуална помош на наставниците за различни начини на прибирање податоци за социјалната ситуација на ученикот (услови за живеење, учење, можности за напредување).

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава техниките на медијација и решавање конфликти во социјалната работа. | 1.1 | Располага со вештини за застапување, консултација, советување и медијација во социјалната работа. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Спроведува советодавна и консултативна работа со наставниците за поефикасна работа со ученици во социјален ризик.
- Ги вклучува наставниците во реализацијата на програмите за социјална превенција.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава техниките на медијација и решавање конфликти во социјалната работа со родители. | 1.1 | Располага со вештини за консултација, советување и медијација со родители од семејства со социјален ризик. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира советодавна и консултативна работа со наставниците за усвојување соодветен пристап кон родителите заради превенција на тешкотии во социјализацијата кои се јавуваат во семејства со социјален ризик.
- Спроведува советодавна и консултативна работа со наставниците за поефикасна работа со родителите на ученици од семејства со социјални проблеми.
- Ги вклучува наставниците во реализацијата на програми за социјална превенција со родители.
- Посредува во справување со конфликти меѓу наставник и родител/група родители.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК** посебно работи со родителите од социјално ранливите категории, им помага да ги остварат правата од социјална заштита и да воспостават мрежа за социјална поддршка и да остварат соодветна комуникација и соработка со училиштето. Исто така, работи и на реализација на програми за социјална превенција наменети за родителите на учениците.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава пристапите за работа со семејства и поединични случаи. | 1.1 Им дава социјална поддршка на семејствата. |
| | 1.2 Ги застапува правата и интересите на родителите на учениците од семејства со социјален ризик и ги поврзува семејствата со потребните ресурси. |
| | 1.3 Располага со вештини за проценка, планирање и директна и индиректна интервенција во семејствата со социјален ризик и користи соодветни техники (екомапа, генограм, култураграм и др.). |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Спроведува методи на индивидуална и групна социјална работа со родители на ученици од семејства со социјален ризик, кои имаат потреба од дополнителна поддршка во учењето и проблеми во социјализацијата.
- Поттикнува формирање на групи за самопомош меѓу родителите кои се соочуваат со слични социјални потешкотии.
- Помага во остварувањето на социјалните права и бенефиции од системот на социјална заштита.
- Реализира програми за социјална превенција за родители.
- Реализира советување на родители и по потреба упатување до стручни служби од областа на социјалната заштита.
- Иницира и раководи со советувалишта за родители или семејни центри за поддршка на родителите.
- Врши стручен увид во домот на семејствата на учениците кои пројавуваат првични знаци за социјални проблеми или веќе се соочуваат со некој социјален проблем.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја препознава улогата на едукацијата на родителите за подобрување на образовните успеси на учениците и спречувањето на појавата на социјални проблеми. | 1.1 Креира, имплементира и евалуира програми од областа на социјалната превенција. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организира трибини на актуелни социјални теми.
- Организира и вклучува родители во работилници за препознавање / надминување на социјалните ризици и нивното влијание врз развојот на учењето на децата.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава модалитетите на соработка меѓу училиштето и семејството. | 1.1 Ги мотивира и вклучува родителите од семејствата со социјален ризик во работата на училиштето. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Помага во обезбедувањето соработка на родителите преку нивно вклучување со свои претставници во различни работни и други тела и одбори во училиштето.
- Се залага родителите од семејствата со социјален ризик да бидат соодветно вклучени во работата на училиштето.
- Помага во обезбедувањето и континуирано унапредување на соработката меѓу семејствата на учениците и училиштето.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК** соработува со: центарот за социјална работа, спортски, хуманитарни, невладини и други организации, социјални и здравствени установи, верски организации, приватен сектор, полиција, како и општината за обезбедување помош и поддршка на учениците и нивните семејства во ситуација од социјална потреба и поддршка на програмските активности кои ги реализира социјалниот работник во училиштето. Преку примена на методите на социјална работа во локална заедница ја анимира заедницата, мобилизира поддршка и ја развива соработката меѓу локалната заедница и училиштето.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја познава методиката на социјална работа во локална заедница. | 1.1 | Користи различни модели на социјална работа во локална заедница (социјален развој, социјално планирање, социјална акција и зајакнување). |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Работи со локалната заедница за задоволување на социјално заштитните потреби на социјално ранливите категории ученици и нивните семејства.
- Работи на иницирање и воспоставување соработка, преговарање, застапување, активација на заедницата, мобилизирање на средства, иницирање на заеднички проекти за потребите за реализација на програмските активности со социјален карактер во училиштето.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

## Потподрачје: СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Располага со знаења од областа на мрежната социјална работа. | 1.1 | Умее да воспоставува мрежна соработка со надворешни организации и институции. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Соработува со општинската власт за обезбедување помош и поддршка за социјално ранливи ученици и вклучување на општинската администрација во поддршката на програмите кои ги реализира социјалниот работник во училиштето.
- Соработува со центарот за социјална работа за давање специјализирана и стручна помош на ученици и семејства со социјални проблеми.
- Соработува со социјални институции (домови за деца без родители и родителска грижа, домови за воспитно запуштени деца и др.).
- Соработува со верски и приватен сектор за обезбедување поддршка на програмските активности во училиштето за учениците од семејства со социјален ризик.
- Соработува со невладини организации кои реализираат социјални програми заради вклучување ученици во нив, и за вклучување на невладините организации во реализацијата на превентивните програми кои ги реализира социјалниот работник во училиштето.

# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК** преку реализација на квалитативни и квантитативни социјални истражувања прибира податоци со кои го согледува социјалниот состав на учениците и ги анализира односите и влијанијата меѓу социјалните фактори и напредокот на учениците. Ја анализира социјалната ситуација во институцијата заради утврдување на евентуалните причини за некои воспитно-образовни проблеми и неуспехот на одделни ученици и предлага мерки за нивно надминување.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава основите на истражувачката методологија на социјалната работа во образованието. | 1.1 | Располага со вештини за примена на квалитативни и квантитативни социјални истражувања. |
| | | 1.2 | Располага со вештини за изработка на инструменти потребни за реализација на социјални истражувања. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги следи и проучува причините за проблематичното однесување, воспитната запуштеност, недисциплината и неуспехот на учениците, кои се условени од семејната и социјалната положба.
- Изработува инструменти (прашалници, чек листи и сл.) и спроведува акциски истражувања во социјалната работа во образованието.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК придонесува за градење позитивна клима во училиштето преку програми за збогатување на социјалниот живот во училиштето, како и обезбедување социјална инклузија врз рамноправна основа без дискриминација врз која било основа за сите ученици. Тој се вклучува и во давањето предлози и препораки за системски промени во функционирањето на училиштето кога тоа функционирање негативно се одразува врз социјалната клима во училиштето, социјализацијата на учениците и нивните образовни успеси.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Запознаен е со основите за планирање и програмирање и евалуација на социјалната работа во училиштата. | 1.1 | Користи техники за програмирање и евалуација на социјалната работа со поединци и семејства. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води евиденција за учениците кои се наоѓаат во состојба на социјална потреба (досие, анализи, специјалистички упати до институции).
- Води документација од соработката со семејството и институциите за социјална заштита.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

## Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава социјалните ризици за семејства кои водат кон исклучување на учениците од образовниот процес. | 1.1 Ги застапува правата на ранливи и маргинализирани поединци и групи.<br>1.2 Работи на обезбедување целосен опфат на учениците од семејства со социјален ризик. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Се грижи за обезбедување соодветно социјално вклучување на маргинализирани групи ученици во училишниот живот.
- Работи со семејствата со социјален ризик на обезбедувањето вклученост на нивните деца во образовниот процес.
- Обезбедува податоци за социоекономските услови во семејствата на учениците и редовно ги ажурира.
- Учествува во структурирањето на паралелките и групите (вонннаставни и други активности), врз основа на претходно утврдените податоци за социјалната состојба.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ДЕФЕКТОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**ДЕФЕКТОЛОГОТ** првенствено работи со учениците со посебни образовни потреби[7], ги детектира и проценува[8] нивните специфични потреби и им дава поддршка во процесот на учење и напредување. Со цел да им се обезбеди пристап до наставните содржини и поефективно учење, дефектологот користи различни соодветни техники, методи, стратегии, рехабилитациски постапки и соодветна асистивна технологија. Наедно, дефектологот заедно со инклузивниот тим континуирано ги следи нивните постигања во учењето согласно индивидуално поставените цели во индивидуалниот образовен план и учествува во креирањето на инклузивната култура, инклузивната политика и практика во училиштето.

7 Ученици со посебни образовни потреби со кои работат дефектолозите се ученици од Категорија А, и ученици со специфични потешкотии во учењето од Категорија Б (дислексија, дисграфија и дискалкулија) според дефиницијата на ОЕЦД за учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието. Според оваа дефиниција, учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието се групирани во три категории:
А.“Ученици со посебни потреби или оштетување видени од медицински аспект како органски нарушувања кои може да бидат припишани на органска патологија (на пример, во однос на сензорни, моторни или невролошки оштетувања). Образовните потреби се смета дека произлегуваат првенствено од проблемите кои се припишуваат на овие нарушувања”.
Б. “ Ученици со нарушувања или растројства во однесувањето, емоционалноста, или со специфични тешкотии во учењето. Образовните потреби се смета дека произлегуваат првенствено од проблемите во интеракцијата помеѓу ученикот и образовниот контекст” и
В. “Ученици кои имаат потреба од посебна поддршка во образованието заради неповолни социо-економски, културни, и/или јазични фактори. Потребната дополнителна помош се однесува на потребата да се компензираат неповолностите кои се припишуваат на овие фактори”. Students with Disabilities, Learning Difficulties and Disadvantages: Policies, Statistics and Indicators © OECD 2007, ISBN 978-92-64-02762-6, http://www.oecd.org/edu/school/40299703.pdf

8 Според меѓународната класификација на функционалности (МКФ /ICF – International classification of functionalities) http://www.who.int/classifications/icf/en/

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Поседува знаења за специфичните карактеристики на учениците со посебни образовни потреби. | 1.1 Дава соодветна поддршка и го следи напредокот на учениците со посебни образовни потреби. |
| 2. Поседува знаења за соодветни техники и стратегии за проценка на образовните потреби на учениците со посебни образовни потреби. | 2.1 Користи диференцијација и индивидуализација со цел да обезбеди пристап до наставните содржини. |
| | 2.2 Користи асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Определува и им дава соодветна поддршка на учениците согласно нивните образовни потреби.
- Ја координира изработката на ИОП.
- Им дава непосредна помош во учењето на учениците со посебни образовни потреби.
- Ја планира и користи асистивната технологија во работата со учениците, и ја вклучува во ИОП.
- Ја приспособува поддршката според сознанијата од следењето на напредокот.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Поседува знаења за следење на ефектите од ИОП. | 1.1 Учествува/врши ревизија на ИОП. |
| | 1.2 Утврдува потреба од дополнителни сервиси за поддршка. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги синтетизира и интерпретира добиените податоци од сите членови на инклузивниот тим и релевантните институции кои нудат сервиси и услуги.
- Организира дефектолошка поддршка.
- Го координира вклучувањето на надворешните професионалци.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава специфичните карактеристики на учениците со посебни образовни потреби и лепезата на адекватни занимања за учениците со посебни образовни потреби. | 1.1 | Дава поддршка при соодветен избор на занимања. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира учениците со посебни образовни потреби за соодветните професии.
- Врши индивидуално и групно советување со ученици со посебни образовни потреби за правилен избор на понатамошното образование или професија.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

ДЕФЕКТОЛОГОТ ги поддржува наставниците во работата со деца со посебни образовни потреби, со посебен акцент врз изготвувањето на индивидуалниот образовен план и реализацијата на истиот, како и во соодветното вклучување на овие ученици во редовната настава и во другите воспитно-образовни активности.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Познава соодветни начини за модификации и адаптации во наставата и просторот и оценување на постигањата според ИОП. | 1.1 | Изготвува/избира методи, техники, средства за работа и инструменти за оценување соодветни на видот на посебни образовни потреби, поставените цели во ИОП и стилот на учење на ученикот. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им дава стручна помош на наставниците при изборот/изработката на инструменти за оценување на знаењето на учениците со посебни образовни потреби.
- Дава насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата, со цел ученикот максимално да учествува и постигнува.
- Дава насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигањата на учениците со посебни образовни потреби.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава карактеристиките на учениците со посебни образовни потреби. | 1.1 Ги јакне капацитетите на наставниците за препознавање и работа со овие ученици. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им дава стручна помош на наставниците преку индивидуални или групни средби и обуки за идентификување на учениците со посебни образовни потреби и стратегии за работа со нив.
- Развива формулари, преку кои наставниците прават функционална проценка на моменталното ниво на развој на учениците и го следат нивниот напредок.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**ДЕФЕКТОЛОГОТ**, низ советодавна работа и директна поддршка на родителите на децата со посебни образовни потреби, овозможува тие да ги разберат и прифатат посебните потреби и можностите на своето дете и ги упатува како, во соработка со тимот во училиштето, да работат на одржливоста и развивањето на она што детето умее и може.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје: ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ**

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги знае начините за поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби. | 1.1 | На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка. |
| 2. | Ги знае спецификите за ефективно советување на родители на деца со посебни образовни потреби. | 2.1 | Користи различни методи за индивидуални и групни советувања на родителите на деца со посебни образовни потреби. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош.
- Реализира индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со посебни образовни потреби.
- Им дава инструкции на родителите за работа со нивните деца во домашни услови.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**ДЕФЕКТОЛОГОТ** соработува со образовни, здравствени, социјални институции, како и специјализирани институции кои придонесуваат за развојот и учењето на децата со посебни образовни потреби. Може да соработува со други училишта во блиската околина заради обезбедување советодавна помош во однос на децата со посебни образовни потреби.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

### Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Информиран е за соодветните фирми во кои може да се реализира практична настава. | 1.1 Ги поврзува карактеристиките на учениците со формите на практичната настава. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Се вклучува во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава основните професионални компетенции за наставници. | 1.1 | Формите и содржините на професионалниот развој ги поврзува со потребните компетенции на наставниците. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Води документација за професионалниот развој на наставниците.

# VI. АНАЛИТИЧКО - ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**ДЕФЕКТОЛОГОТ** собира податоци за бројот на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, води регистар и редовно го ажурира. Добиените податоци ги користи за споредебени анализи во однос на зголемување или намалување на бројот секоја учебна година, планирање на опремувањето на училиштето со нагледни средства и помагала и професионален развој на наставниците. Исто така, дефектологот прави анализа на развојот на инклузивната клима во училиштето и вклученоста на учениците со посебни образовни потреби во наставните и воннаставните содржини.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава постапките за спроведување акциско истражување во наставата. | 1.1 Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Предлага акциски истражувања за зголемување на ефективноста на наставата.
- Учествува во акциски истражувања во наставата.
- Ги интерпретира сознанијата од акциските истражувања и предлага наредни активности.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

ДЕФЕКТОЛОГОТ има примарна улога во градењето инклузивна клима и култура за прифаќање на децата со посебни образовни потреби.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА,ЕВАЛУАЦИЈА)

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја знае структурата на евиденцијата и документацијата за учениците со посебни образовни потреби и начините за нејзино водење. | 1.1 | Организира и/или реализира периодично следење на изработката на евиденцијата и документацијата за учениците со посебни образовни потреби. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Го следи начинот на водење на евиденцијата и документацијата за учениците со посебни образовни потреби и предлага мерки за подобрување.
- Воспоставува процедури за евиденција на досиејата на учениците со посебни образовни потреби.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

## Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја разбира важноста од вклучување на учениците со посебни образовни потреби во сите активности на училиштето. | 1.1 Се грижи за соодветна вклученост на учениците со посебни образовни потреби во активностите на ученичките заедници. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира и советува учениците со пречки во развојот како да се вклучат во соодветни активности на ученичките заедници.
- Им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со пречки во развојот.



# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА БИБЛИОТЕКАР

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ** во работата со учениците освен што им обезбедува различни извори за учење и дава насоки за нивно користење, организира и се вклучува во различни воннаставни активности (библиотекарска, литературна, драмска секција, клубови на млади писатели и сл.). Особено е важно да поседува компетенции и да им дава поддршка (поединечна и низ разни видови групни активности) на учениците за развој на нивните вештини за читање литература со разна намена и за различни потреби, како и вештините за истражување преку користење различни извори на информации (пишани, електронски).

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

## Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

БИБЛИОТЕКАРОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава соодветни стратегии за учење и поддршка на учениците во учењето согласно индивидуалните карактеристики. | 1.1 Сензибилен е за различните образовни потреби на учениците, умее да ги идентификува и да обезбедува соодветна поддршка.<br>1.2 Ги поврзува теориите за учење со барањето и користењето информации. |
| 2. Ги знае факторите кои влијаат врз процесот на учење и мотивација на учениците. | 2.1 Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон читањето и учењето.<br>2.2 Идентификува потенцијални негативни фактори во учењето и ги зема предвид во работата со учениците. |
| 3. Познава методи и техники за работа со ученици и нивно успешно советување за читање и учење. | 3.1 Пристапите во поддршката на учениците и учењето ги усогласува со нивните специфични потреби. |
| 4. Ги познава културолошките специфики на средината во која се наоѓа училиштето. | 4.1 Умее да одбере соодветни материјали за да ги задоволи потребите на различните корисници. |
| 5. Има основни познавања од јазиците на кои се изведува наставата во училиштето и од странските јазици што се изучуваат во училиштето. | 5.1 Способен е да пронајде и да понуди и литература на наставните јазици во училиштето и на странските јазици што се изучуваат во училиштето. |
| 6. Познава принципи за работа во работилници. | 6.1 Има вештини за модерирање едукативни работилници. |
| 7. Познава ефективни стратегии и техники за читање и учење. | 7.1 Им помага на учениците да ги развиваат вештините за самостојно читање и учење. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Препорачува соодветна литература за поддршка на учењето на наставните содржини или слободна литература.
- Го следи напредокот на учениците во користењето на информациите и им дава соодветни насоки.
- Ги поттикнува и поддржува учениците да се пријавуваат на конкурси и натпревари.
- Прибира податоци за културното потекло и навиките на учениците (врши испитувања, интервјуа, дискусии во фокус групи) и ги зема предвид податоците за нивната култура за читање, користење извори на информации и сл.
- Користи различни инструменти за прибирање информации за интересите, стиловите на учење на учениците во читањето и учењето.
- Препорачува соодветна литература за задоволување на интересите на учениците и стиловите на учење.
- Користи различни пристапи во работата со учениците (индивидуална, групна, проучување на литература, дискусии, дебати).
- Обезбедува материјали на различни јазици, за различни култури, етникуми, религии и сл. со цел подобро да се запознаат луѓето во заедницата.
- Ги информира и ги упатува учениците до потребната литература на различни наставни јазици.
- Реализира креативни, книжевни работилници (на пр., за читање, пишување, истражување преку Интернет, користење мултимедиа итн.).
- Индивидуално и/или групно ги поучува учениците како да користат различни ресурси за истражување.
- Ги упатува учениците критички и аналитички да читаат и вреднуваат различни содржини и извори на информации.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги разбира предизвиците во комуникацијата и соработката со припадници на различни култури, со различни вредности и искуства. | 1.1 Комуницира со учениците на начин кој обезбедува поддршка и доверба.<br>1.2 Комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од нив. |
| 2. Ја знае важноста на читањето за личен и социјален развој и познава различни начини за мотивирање за читање. | 2.1 Користи различни приоди за мотивирање и развој на интересите за читање.<br>2.2 Развива способности за аналитичко и критичко читање. |
| 3. Знае модели и форми за водење на воннаставни активности за читање и пишување. | 3.1 Организира различни видови воннаставни активности за читање и пишување. |
| 4. Ги познава актуелните изданија во литературата (научна и уметничка) за деца/млади. | 4.1 Избира материјали од различен формат за поддршка на читањето заради учење и заради уживање. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Практикува механизми кои му овозможуваат на ученикот да добие поддршка од стручниот соработник секогаш кога му е потребна (учениците се информирани за видот поддршка што можат да ја добијат од библиотекарот).
- Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците.
- Користи различни видови, стратегии и приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците.
- Ги учи учениците како да читаат различни жанрови.
- Ги насочува учениците да читаат со разбирање.
- Промовира читање заради разонода и заради доживотно учење.
- Им препорачува на учениците текстови со/за различни намени и дискутира со нив за да изградат личен став.
- Претставува модел на мотивиран и пасиониран читач.
- Учествува во организирањето и реализирањето воннаставни активности за читање и пишување (натпревари, читачки клубови, средби со писатели, литературни читања, драмски секции, клубови на млади писатели и сл.).
- Им препорачува на учениците соодветна литература (според содржина, формат) согласно нивните потреби и интереси.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ** има единствена позиција, од една страна, добро да ги познава новините во издаваштвото релевантно за воспитно-образовната работа во училиштето, а од друга страна, да има доволно информации за потребните ресурси за реализација на наставата. Тоа му овозможува во работата со наставниците да им дава поддршка во изборот и идеите за користење релевантни материјали од библиотеката во реализирањето на наставните и воннаставните активности.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

БИБЛИОТЕКАРОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава потенцијалите на различни извори на знаења. | 1.1 | Им дава стручна поддршка на наставниците за користење различни извори на знаења. |
| 2. | Знае за специјалностите на рзлични издавачки куќи во издаваштвото. | 2.1 | Проактивно бара и следи најнови публикации и изданија релевантни за воспитно-образовната работа. |
| 3. | Има познавања за концепциските документи и општи познавања за наставните планови и програми за степенот на образованието во којшто работи. | 3.1 | Ги поврзува расположливите ресурси во библиотеката со наставните и воннаставните програми. |
| 4. | Ја разбира посебноста/ индивидуалноста на учениците. | 4.1 | Ја почитува посебноста/ индивидуалноста на секој ученик и ги поврзува неговите потреби со соодветни извори на учење. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на наставниците да изберат и користат различни извори на знаења (мултимедијални содржини, книги и сл.) преку организирање работилници, давање индивидуални совети и сл.
- Разгледува каталози, посетува саеми, книжарници.
- Врши избор и набавка на нови изданија за библиотеката.
- Ги информира наставниците за новите наслови релевантни за воспитно-образовната работа (изготвува каталози, библиографии, лично ги информира и сл.).
- Ги советува наставниците, организира работилници.
- Во соработка со наставниот кадар креира план за работа на секцијата за библиотекари.
- Им помага на наставниците да направат соодветен избор на материјали за учење.
- Им помага на наставниците во наставата да ги развиваат вештините за користење различни извори на информации.
- Предлага обезбедување соодветни ресурси за сите ученици вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.
- Му помага на тимот што изготвува ИОП во изборот на материјали за учење.
- Излегува во пресрет на специфичните барања и потреби на учениците.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Знае начини за работа со ученици преку користење разна литература. | 1.1 | Ги поврзува карактеристиките и афинитетите на учениците со соодветно избирање литература. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Предлага или заедно со наставникот осмислува начини за развивање на посебните способности на надарените ученици и за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси од различни карактери.
- Ги објаснува и демонстрира начините на кои може да им се помогне на учениците во користењето на книгата и други печатени публикации во учењето и совладувањето на наставниот материјал.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ** во работата со родителите, од една страна, им помага во изборот на соодветна литература за нивното дете за учење или за читање од задоволство, а од друга страна, ги вклучува во активностите на библиотеката како за збогатување на библиотечниот фонд, така и за негово посоодветно користење.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Знае начини и форми за комуникација со родителите. | 1.1 Умее комуникацијата да ја приспособи на различните карактеристики на родителите. |
| 2. Ја разбира важноста на соработката со родителите. | 2.1 Користи различни начини за да ги вклучи родителите во разни активности во библиотеката. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Индивидуално и групно ги советува родителите за да направат соодветен избор на литература и материјали за учење (книги, едукативни игри, ЦД и сл.) за нивното дете.
- Ги едуцира родителите како да ги поддржуваат интересите и вештините за читање кај нивните деца.
- Ги вклучува родителите во збогатувањето на фондот на библиотеката со книги и едукативни материјали, вклучувајќи и едукативни игри.
- Им позајмува книги и други материјали на родителите.
- Ги вклучува родителите во реализирање на активностите на библиотеката (литературни читања, претставувања книги, уредувања на библиотеката итн.).

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**БИБЛИОТЕКАРОТ** развива широка професионална соработка со други библиотеки и со издавачки куќи со цел да ја збогати библиотеката со соодветен библиотечен материјал и да им обезбеди на учениците и вработените материјали што ги нема во библиотеката, но ги има во библиотеките со кои што соработува.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Располага со знаења од областа на библиотекарското работење и сличните дејности. | 1.1 | Умее да воспоставува мрежа на соработка со надворешни организации и институции со дејност која е поврзана со библиотекарството, книгоиздателството, библиофилството и слично. |
| 2. | Ги познава спецификите на различни видови библиотеки. | 2.1 | Умее да користи информации од различни видови библиотеки. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Соработува со Институтот за библиотекарство на Педагошкиот факултет и други високообразовни институции.
- Соработува со библиотеки од локалната заедница и пошироко.
- Соработува со невладини организации, книгоиздателства и други организации и институции кои во својата дејност ја имаат книгата како главен предмет на интерес.
- Обезбедува материјали за потребите на училиштето од други библиотеки.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**БИБЛИОТЕКАРОТ** во делот за професионална соработка особено важна улога има во создавањето збирка на наставни материјали (во хартиена или електронска верзија) што ги изготвиле наставниците, а којашто може да ја користат другите наставници. Неа ја создава заедно со наставниците, се чува во библиотеката, а тој промовира и обезбедува нејзино користење. Исто така, клучна е неговата улога во едуцирањето на наставниците за почитување на авторските права (користење и цитирање различни извори).

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја сфаќа комплексноста на професијата стручен соработник-библиотекар и потребата од доживотно учење. | 1.1 | Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената практика. |
| 2. | Ја сфаќа важноста од личен професионален развој. | 2.1 | Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија на сопствената работа. |
| 3. | Ги познава компетенциите и стандардите за својот профил на стручен соработник. | | |
| 4. | Ја разбира важноста од планирањето на сопствениот професионален развој. | | |
| 5. | Ги знае ефективните начини и можности за личен и професионален развој. | 5.1 | Анализира и утврдува потреби за подобрување на сопствената практика. |
| 6. | Информиран е за професионалните здруженија на библиотекари. | 6.1 | Соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето. |
| 7. | Го познава етичкиот кодекс на професијата. | | |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Постојано го подобрува водењето и организацијата на библиотеката.
- Следи стручна литература и информации од значење за образованието и воспитанието.
- Внесува нови начини на работа со наставници и ученици.
- Го планира, води евиденција и поседува докази (личен план, сертификати, посетени и реализирани обуки, белешки од саморефлексија и слично) за сопствениот професионален развој.
- Учествува во различни групни (обуки, конференции, семинари и сл.) и индивидуални (пребарување на литература, чита професионални публикации, истражува на Интернет разни ресурси и сл.) форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето.
- Учествува во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми со цел да ја подобри својата работа.
- Се однесува согласно етичкиот кодекс на професијата.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја разбира важноста на професионалната соработка во училиштето. | 1.1 | Воспоставува професионални односи во работата. |
| 2. | Ги разбира потенцијалите на материјалите за учење изготвени од страна на наставниците. | 2.1 | Промовира споделување ресурси за учење изготвени од наставниците. |
| 3. | Познава начини за извлекување и користење информации од различни пишани и дигитални извори. | 3.1 | Дава професионална поддршка на наставниот кадар поврзано со библиотеката и користењето информации. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Соработува со директорот, стручните соработници, наставниците и другите вработени.
- Соработува со ученици, наставници, со училишната администрација и со родители при изработката и реализацијата на програмата за работа на библиотеката.
- Заедно со наставниците ги селектира и подредува изготвените наставни ресурси, ги чува во библиотеката и ги нуди за користење на останатите во училиштето.
- Држи обуки/работилници за колегите како во нивната настава да ги научат учениците да наоѓаат и да користат различни видови информации.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**БИБЛИОТЕКАРОТ** има клучна улога во развојот на библиотеката како центар за учење на сите и размена на стручни информации. За таа цел тој ја организира да биде лесно достапна за користење како од физички аспект, така и од аспект на потребите на различни корисници. Библиотекаротот организира различни активности за збогатување на библиотечниот фонд, но организира и различни активности за негово користење.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

### Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја разбира важноста на библиотеката како центар за учење и користење различни извори на информации. | 1.1 | Ја организира библиотеката да претставува центар за учење и размена на информации во училиштето. |
| 2. | Познава различни видови материјали и средства за учење и за реализација на наставните планови и програми во училиштето. | 2.1 | Вреднува извори за учење со различни формати и од различни медиуми. |
| | | 2.2 | Умее да ги поврзе развојните политики на училиштето со ресурсите што се потребни за нивна имплементација. |
| 3. | Ги разбира социјалните и психолошките фактори кои влијаат врз користењето на ресурсите од страна на стручниот персонал и учениците. | 3.1 | Користи различни начини за подигање на интересот на учениците, вработените и родителите за користење на библиотеката. |
| 4. | Ги познава и разбира мултимедијалните продукти, локални и други мрежи и онлајн библиотечни услуги. | 4.1 | Ги упатува учениците и вработените да користат мултимедијални продукти и онлајн библиотечни услуги. |
| 5. | Разбира дека при планирањето на работата во училиштето треба да се имаат предвид специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето. | 5.1 | Органзира настани поврзани со работењето на библиотеката што го рефлектираат училишниот план и програма и специфичностите на заедницата. |
| 6. | Познава различни начини на пишување и претставување содржини. | 6.1 | Умее да процени и да избере најсоодветен начин за презентирање информации. |
| 7. | Ги познава можностите за користење различна информациско-комуникациска технологија вклучувајќи ги и новите технологии. | 7.1 | Умее да користи ИКТ за креирање, зачувување, наоѓање, споделување и организирање информации и за комуникација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Знае за различностите меѓу луѓето и меѓу заедниците (култура, физички изглед и сл.). | 8.1 | Промовира сензитивност за и прифаќање на различностите. |
| 9. | Ги знае и разбира правилата за водење и организација на училишна библиотека. | 9.1 | Ја организира библиотеката да биде лесно достапна за корисниците. |
| | | 9.2 | Обезбедува пристап до библиотечниот материјал по електронски пат. |
| | | 9.3 | Ги упатува учениците да ја користат библиотеката. |
| 10. | Ги познава библиотечните процеси, набавка на книги, периодика, списанија, весници и др. | 10.1 | Ја унапредува работата на библиотеката врз основа на сознанијата за ефектите од претходната работа (користење на библиотеката, задоволство и ефекти од користењето). |
| | | 10.2 | Врши стручна обработка- каталогизација, класификација и подредување на книжниот фонд. |
| 11. | Познава софтвери за библиотечно работење и нивните предности. | 11.1 | Користи компјутерски систем (COBBISS и сл.). |
| 12. | Ја знае регулативата за безбедност на библиотека и ја разбира важноста од воспоставувањето безбедносен систем. | 12.1 | Го приспособува безбедносниот систем согласно условите во училиштето. |
| | | 12.2 | Обезбедува почитување на кодексот на однесување во библиотеката. |
| 13. | Ја познава регулативата за авторските права и правилата за цитирање. | 13.1 | Промовира почитување на авторските права и правилно цитирање. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги упатува учениците и вработените на ресурсите во библиотеката.
- Изработува материјали за промоција на работата на библиотеката во разни форми.
- Организира активности за учење за кои е потребно користење различни ресурси.
- Презентира продукти од активноста на учениците во библиотеката.
- Селектира соодветни извори (книги, списанија, електронски ресурси за специфични програми).
- Со наставниците ги вреднува материјалите.
- Избира квалитетни материјали за реализација на соодветни содржини во наставата и за вон-наставните активности и им ги предлага на наставниците за користење.
- Организира промотивни активности за работата на библиотеката (промотивни материјали, информации на веб страницата, презентации на родителски состаноци, презентации на училишни настани и сл.).
- Користи мултимедијални продукти и онлајн библиотечни услуги.
- Подготвува насоки и други материјали за различни видови корисници за користење на мултимедијалните продукти и онлајн библиотечни услуги.
- Учествува во изготвувањето на развојните и годишните програми на училиштето.
- Се вклучува во активностите на ниво на училиште (на пр., прослави, манифестации).

- Учествува во изготвувањето и издавањето промотивни материјали за училиштето.
- Им помага на наставниците и учениците во изборот на начини за презентирање различни содржини (наставни, вонnаставни, проектни, промотивни).
- Учествува во уредувањето на веб страницата на училиштето.
- Користи ИКТ во секојдневната работа и им дава упатства на другите како да ги користат.
- На учениците им нуди палета на можности за користење разни медиуми.
- Го уредува просторот на библиотеката така што ги претставува различностите.
- Им помага на учениците да најдат информации за да одговорат на нивните прашања поврзани со различни култури, вери, раси, религии, заедници и сл.
- Го организира просторот на библиотеката за да биде физички лесно достапен за корисниците.
- Креира информативно катче за новостите на библиотеката (каде што се изложуваат новонабавени книги, списанија и други публикации).
- Обезбедува информативни материјали (пишани, графички, електронски и сл.) за начинот на користење на библиотеката.
- Ги организира материјалите според возраста, интересите и потребите на корисниците (на пр., според областа, жанрот и сл.).
- Издавањето книги и материјали го усогласува со организацијата на работата на учениците и наставниците во училиштето.
- Ги запознава учениците со организацијата на библиотеката.
- Ги запознава учениците како да користат каталози и фондови.
- Ги оспособува учениците како и каде да ги најдат информациите што им требаат.
- Потготвува годишен план и програма за работа на библиотеката согласно со програмата за работа на училиштето.
- Го проверува книжевниот фонд поради можни оштетувања и дава предлог за негово отпишување и можна замена со нов.
- Става печати на книгите, води инвентарна книга и го означува библиотечниот фонд.
- Ги упатува учениците и наставниците да го користат електронскиот софтвер во библиотеката.
- Го означува библиотечниот материјал со бар код и има преглед на библиотечниот материјал.
- Работи согласно правилата за безбедност во училиштето.
- Ги информира и инсистира на почитување на правилата за однесување во библиотеката.
- Служи како пример за почитување на безбедносните правила.
- Ги упатува наставниците и учениците за начините на користење на авторските права.

# ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ *за* СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – МЕНТОР

# ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

Одреден број стручни соработници преку нивната работа, иницијативност и ангажираност во училиштето особено се истакнуваат и претставуваат пример на добра практика за останатите колеги. Нивни приоритет не е само завршувањето на работните обврски, туку и нивно квалитетно завршување. Професионалните стандарди за стручен соработник-ментор се изготвени за да бидат основен документ врз којшто ќе се надградуваат другите документи што ќе го поддржат процесот на напредување во звања.

Во овој дел се поместени компетенции што стручниот соработник треба да ги поседува за да се стекне со звањето стручен соработник-ментор. Тие претставуваат надградба на Основните професионални компетенции и претставуваат еден вид критериум што се очекува да го задоволат само дел од стручните соработници, оние што претставуваат пример за добра практика и следствено да напредуваат во звање.

При дефинирањето на стандардите се поаѓаше од концептуализацијата на стручниот соработник-ментор како практичар кој во текот на работата ги развил и усовршил основните професионални компетенции за стручен соработник, и активностите и обврските ги извршува поквалитетно и на повисоко ниво. Заради неговото искуство, докажаност во работата и стекнатата доверба, стручниот соработник-ментор е во можност особено да ги

поддржува наставниците во нивната работа, но и да дава значителен придонес во сите области на работата на училиштето во целина. Тој има визија во кој правец да се движи училиштето, развива стратегии, а ангажиран е и на подобрување на воспитно-образовната работа на локално ниво. Заради тоа, неговата работа е препознаена во училиштето и во локалната заедница. Тој е рефлективен практичар кој ја испитува својата практика и покажува интерес за новините во професијата и образованието, и постојано е посветен на стручното усовршување.

Во Стандардите поголем акцент е ставен на заедничките стандарди, отколку на стандардите за посебните профили стручни соработници, затоа што се ценеше дека ангажирањето на локално и национално ниво бара компетенции кои се слични кај секој профил стручен соработник и се надградба на стручните компетенции карактеристични за конкретните стручни профили.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** поседува продлабочени знаења за развојот на децата и младите и поразвиени вештини за работа со ученици од стручниот соработник. Тој работи на посензитивни прашања со кои се соочуваат поединци или групи ученици, при што пристапува со понови приоди базирани врз нови научни сознанија и на попродлабочен начин. При носењето одлуки може да се повика на своето искуство и интуиција, но првенствено одлуките ги базира врз докази за валидноста и ефективноста на преземените интервенции. Тој поголемо внимание посветува на стратешките приоди и превентивните активности и презема иницијативи за подобрување на училиштето со цел да биде подобро место за учење и развој на учениците. За таа цел постојано ги преиспитува постојните практики и, по потреба, ги менува. Неговата работа го има промовирано како стручњак кој им помага на учениците не само да се справат со тешкотиите на кои наидуваат, туку и да ги зајакнат особините, способностите и вештините што ќе им бидат важни во животот. Се грижи за добросостојбата на учениците и ги застапува нивните интереси, така што директно или индиректно обезбедува оптимални услови за учење и развој.

Тој постојано ги подобрува своите практики и постојано учи и наоѓа креативни решенија за проблемите со кои се соочува во работата.

Од **психологот-ментор** посебно се очекува да биде компетентен да развива систем за идентификација, следење и поддршка на работата со надарените ученици, а од **дефектологот-ментор** да умее да развие таков систем за работа со ученици со посебни образовни потреби, со што ќе се придонесе за општата заложба сите ученици да имаат услови за максимален развој.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Обезбедува сите ученици да имаат еднакви можности за успех користејќи приоди за подобрување на учењето базирани врз најновите научни сознанија.
2. Развива пристапи за градење на инклузивно училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Адаптира и/или креира инструменти и методи за следење на напредокот на учениците во учењето.
- Креира и реализира работилници со учениците на кои демонстрира нови и ефективни методи и техники на учење.
- Ја оценува ефективноста на програмите и практиките и го води процесот на подобрување на постигањата на учениците.
- Спроведува дијагностички оценувања (образовни постигања, когнитивни процеси, начин и стил на учење и сл.) со цел директна поддршка на учениците.
- Работи на проекти и истражувања со и за ученици со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и/или социоекономска инклузија во рамките на училиштето.
- Раководи со тимот за инклузивно образование.
- Ги проценува валидноста, соодветноста и ефективноста на преземените интервенции.
- Покренува иницијативи и презема активности различностите да бидат препознаени и почитувани на ниво на училиште и во пошироката заедница.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Развива стратегија за поддршка на развојот на учениците, приспособена на специфичностите на самите ученици и училиштето.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Користи ситуациона анализа за да ги оцени потребите и да осмисли соодветни активности.
- Користи иновативни методи и техники за проценка и советодавна работа со учениците.
- Раководи со тимови за поддршка и следење на развојот на учениците.
- Планира и координира стратешки приоди за следење и поддршка на развојот на учениците приспособени на специфичностите на училиштето.
- Учествува во следењето на соодветноста на приодите и промените кои се случуваат како резултат на тие приоди.
- Осмислува приоди на ниво на училиште за развој на животни вештини кај учениците (на пр., лидерство, хуманост, ораторство, претприемништво, итн.).
- Обучува ученици за врсничка едукација и медијација.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...**

## КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Го унапредува процесот на професионална ориентација и кариерно насочување во училиштето.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Планира и креира методи и пристапи за професионална ориентација и кариерно насочување за учениците во сите фази од нивното образование.
- Им дава насоки на наставниците како да се реализираат активностите во редовната настава и воннаставните активности.



# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** е иницијатор и промотор на иновативните приоди во наставата, при што раководи со тимови за внесување иновации, ги мотивира наставниците да ја осовременуваат својата работа и ги поддржува во користењето нови наставни методи чија ефективност е научно заснована и потврдена. Ги информира и им помага на наставниците да ги разберат најновите сознанија за воспитно-образовната работа, ефективните практики и ги охрабрува и самите да изнаоѓаат креативни решенија во предизвиците на работата со учениците и да излезат во пресрет на потребите на сите ученици. Преку своето работење, во колективот се има поставено како поддржувач и олеснувач на работата на наставниците и тие се чувствуваат слободно од него да бараат поддршка. Тој им помага да станат рефлексивни, автономни практичари, но и да умеат да ја прикажат својата успешна практика пред други. При тоа, секој профил стручен соработник обезбедува да бидат земени предвид сознанијата од областа на нивната потесна специјалност.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Промовира иновативни приоди и модели во планирањето на наставата и други форми на воспитно - образовна работа.
2. Креира/ спроведува иновативни дидактичко-методски проекти на ниво на училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на наставниците при дидактичко-методското конципирање на наставата.
- Им помага на наставниците во планирањето и реализацијата на нагледни часови.
- Учествува во тимско планирање и програмирање на воспитно-образовната работа од аспект на својата стручност (методички аспекти, индивидуални карактеристики на учениците, социјалната средина, иновативни пристапи и слично).
- Упатува како да се користат рефлективни вештини за анализирање и подобрување на практиката.
- Раководи стручен тим што реализира иновативен проект во училиштето.
- Член е на тимови за сертификација на примена на иновативни приоди во наставата.
- Поседува сертификати за примена на стекнатите знаења/вештини од проектите.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Придонесува за создавање позитивна средина за учениците во училиштето.
2. Создава клима за прифаќање на различностите и конструктивно справување со кризни состојби.
3. Ги интегрира сознанијата за карактеристиките, напредокот и развојот на учениците.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на одделенските раководили во планирањето и изборот на едукативни и превентивни активности со учениците.
- Им помага на наставниците и одделенските раководители при конструктивно решавање конфликти во паралелката.
- Осмислува активности за наставникот за работа со учениците.
- Ги советува наставниците како да одговорат при кризни состојби кај учениците.
- Ги запознава наставниците со предзнаењата и други релевантни карактеристики на новите ученици (при премин во предметна настава и средно образование) и им дава насоки за работа.
- Ја следи усогласеноста на програмските барања со возрасните карактеристики на учениците и дава препораки за усогласување на истите.
- Им дава насоки на новите наставници за начинот на поучување на одделни категории ученици.





# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ[9]

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** има подобри комуникациски способности од стручниот соработник. Искуството во работата со родителите на учениците, како и постојаното следење на најновите приоди во работата со нив го сензибилизирале до тој степен што стручниот соработник-ментор ги препознава потенцијално непријатните ситуации и реагира на нив соодветно, а успешната работа го прави препознатлив кај родителите и во локалната заедница. Како и во другите области, и овде е иновативен и креира нови идеи и приоди за можна соработка, советување и едукација на родителите во насока на успешно остварување на нивната родителска улога.

9 Под родител се подразбира и законски застапник, старател.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Препознава конфликтни ситуации на релација родител-училиште и соодветно реагира на нив.
2. Го подобрува информирањето на родителите.
3. Ги антиципира можните отпори кај родителите и работи на нивно надминување.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Посредува во разрешување на можни недоразбирања/ конфликти помеѓу родител-воспитно-образовен кадар или родител-ученик.
- Користи научно засновани и потврдени методи и приоди на советодавна работа со родителите/ семејствата.
- Учествува во активностите на локално ниво за информирање на родителите за разни прашања од областа на образованието.
- Ја приспособува комуникацијата во зависност од ситуацијата и претходните искуства.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ги следи современите трендови на родителство.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Креира едукативни работилници за родители.
- Ги претставува/демонстрира современите трендови на родителство преку обуки, средби, публикации и слично.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

## Потподрачје: ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ја подобрува соработката на училиштето со семејството.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира колегите за приодите на училиштето за спроведување на новините во образовниот систем и начините за информирање на родителите за нив.
- Иницира и организира проекти за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.



# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** презема иницијатива во соработката со локалната заедница за прашања кои се релевантни не само за училиштето, туку и за заедницата. Тој кон прашањата на соработката со заедницата приоѓа на систематичен начин и заради дотогашната успешна соработка неговите иницијативи наидуваат на разбирање и прифаќање. Активно се залага за спроведување на училишните политики и практики и истите ги промовира во пошироката заедница. Со сето ова, заедно со активностите за дисеминација на своите знаења и искуства преку разни медиуми, стручниот соработник-ментор има стекнато репутација на експерт во својата област чие мислење луѓето го почитуваат.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

## Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Иницира и развива партнерска соработка со заедницата за прашања релевантни за образованието во заедницата.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изработува процедури за начинот на планирање, организирање и реализирање активности и за нивно следење и вреднување (предавања, трибини, смотри, изложби, академии, натпревари итн.).
- Има водечка улога во проектите за соработка со локалната заедница (иницијатор, раководител, координатор).
- Своите стручни знаења и искуства ги презентира пред пошироката јавност.
- Ја информира локалната заедница за одредени актуелни прашања од образованието и дава поддршка за прашања од неговата област.

# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** ја надминал фазата на рутинска работа и заинтересиран е за подобрување на сопствената работа преку стекнување знаења за најновите практики во струката, но и преку анализа на сопственото работење. Тој ги идентификува темите/областите на работа во кои му е потребно професионално да се усовршува, па затоа и навлегува попродлабочено во одредени области. Затоа тој систематично го планира сопственото стручно усовршување и избира најсоодветни содржини, форми и методи. Бидејќи лично ја потврдил важноста од професионалниот развој за успешна работа, стручниот соработник-ментор се залага сите вработени во училиштето да се усовршуваат градејќи систем за професионален развој во училиштето, во чии рамки координира, обучува, следи и упатува на разни форми на професионално усовршување.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР**

1. Ги евалуира сопствените професионални активности од аспект на ефектите и ги подобрува.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација и ги споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика.
- Следи стручна литература за продлабочено проучување на специфични и нови прашања од областа и ја користи во работата.
- Следи обуки за постигнување повисоки компетенции (поспецифични вештини од областа, обуки за ментори, за раководење, истражување).

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР**

1. Придонесува наставниците и стручните соработници да се здобијат со основните компетенции.
2. Воспоставува систем за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организира, информира и врши дисеминација на стекнатите знаења и вештини од посетена обука и семинар.
- Менторира наставници, стручни соработници и студенти.
- Планира, креира, организира и реализира интерни обуки.
- Води евиденција и поседува докази за професионалниот развој на наставниците во училиштето.
- Учествува во процесот на сертификација на наставниците за работа во одделни програми/проекти.
- Раководи со тимови во училиштето што работат на унапредување на воспитно-образовната работа.
- Иницира и води заедници за учење од својата област, во училиштето и регионално.
- Изработува програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар од училиштето.
- Раководи со училишниот тим за професионален развој.
- Организира поддршка на наставниците за спроведување активности поврзани со професионалниот развој.
- Споделува знаење, разбирање и вештини за поддршка на професионалниот развој.
- Ги следи ефектите од професионалниот развој во училиштето.
- Изготвува модели за планирање и следење на разни форми на професионалниот развој на ниво на училиште.



# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** аналитичко-истражувачката работа ја има издигнато на повисоко ниво од рутинско собирање и анализирање на податоците од педагошката документација што се води во училиштето и спроведување на мали истражувања за подобрување на воспитно-образовната работа. Тој се однесува како истражувач – собира докази за она што во училиштето функционира, а што не, и во кои услови, работи тимски и раководи со тимови за истражување на актуелни прашања од воспитно-образовната работа во училиштето, а заклучоците и предлозите за унапредување на воспитно-образовната дејност ги носи врз основа на доказите. Во истражувањата на педагошката практика поставува прашања кои се од поширок стручен интерес, бараат посложен методолошки дизајн и посложена статистичка обработка и наодите ги презентира пред пошироката стручна јавност. Тој умее критички да ги оценува истражувањата спроведени од други лица и заклучоците до кои тие дошле.

Доколку истражувањата ги спроведува самостојно, тогаш тоа се обично продлабочени истражувања на специфични прашања од неговата потесна област, а кога работи тимски, што треба да биде почест случај, тогаш секој стручен соработник обезбедува соодветно да биде проучен аспектот за којшто е тој компетентен (педагошки, психолошки, социолошки, дефектолошки), што обезбедува сеопфатно проучување на проблемот.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Идентификува релевантни прашања и спроведува истражувања за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Осмислува истражувања за базични прашања од поширок интерес.
- Учествува во работата на тимот за спроведување истражување.
- Ги интерпретира и презентира податоците пред пошироката стручна јавност.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-МЕНТОР** не само што има позиција во училиштето која му овозможува да има увид во севкупната работа, туку стручните знаења и стекнатото искуство му овозможуваат да ги гледа состојбите со одредена мудрост и да пристапува кон работата стратешки. Знае дека училиштето не е статична организација, туку дека постојано се менува заедно со промените во образованието и поширокото општество. Тој настојува да го направи училиштето подобро место за учење и за работа, првенствено преку развој на превентивни стратегии, програми и интервенции, поврзувајќи ги истите во единствен училиштен систем по кој училиштето станува препознатливо.

## **VII.** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ги следи и анализира промените во образованието.
2. Развива и имплементира образовни политики во училиштето.
3. Резултатите од евалуацијата на работата на училиштето ги користи за подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Автор е на написи/ стручни трудови во кои ги анализира/ објаснува националните политики во образованието.
- Предавач е на семинари/работилници во училиштето за теми поврзани со реформи во образованието.
- Член е на тимови/работни групи за изготвување постапки, процедури, правилници и програми на ниво на училиште.
- Предлага и координира спроведување на нови организациски решенија во воспитно-образовната работа.
- Изготвува анализи, акциони планови.
- Член е на тим за изготвување развојна програма на училиштето.
- Учествува во конципирање и реализација на иновативни училишни проекти.

## **VII.** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Развива стратегии за создавање безбедна и позитивна средина за учење.
2. Придонесува за создавање позитивна и недискриминаторска училишна клима и комуникација.
3. Го осмислува процесот на кризна интервенција во училиштето.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Развива училишна политика за превенција на насилство во училиштето.
- Креира училишни процедури и постапки за интервенција.
- Ја координира реализацијата на политиките, процедурите и постапките за создавање безбедна и позитивна средина за учење.
- Презема активности за превенирање и надминување на конфликтни ситуации.
- Покренува иницијативи и презема активности различностите да бидат препознаени и почитувани на ниво на училиште и во пошироката заедница.
- Учествува во изработката на план за интервенција при кризни ситуации во училиштето.
- Придонесува за психолошка подготовка на учениците и наставниците за реагирање во кризни ситуации.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ПЕДАГОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР**

1. Го подобрува системот за реагирање при кризни состојби кај учениците на ниво на училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Креира и развива превентивни програми (на пр., јакнење на самодоверба и самопочитување, превенција на непожелни видови однесување, учење на социјални вештини, мотивација за учење и сл.) за сите ученици, особено за оние од ранливите групи.
- Креира и реализира работилници за спроведување на превентивните програми.
- Ги следи ефектите од реализацијата на програмите.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПЕДАГОГОТ...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР**

1. Развива училишна политика за квалитетно оценување.
2. Ги разбира концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања, и ги анализира резултатите од нив.
3. Користи методологии за вреднување на учебници и други наставни материјали.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ја анализира и вреднува практиката на оценување во училиштето.
- Ги користи сознанијата од вредувањето и научните сознанија за ефектино оценување во осмислувањето училишна политика за оценување.
- Учествува во вреднувањето на резултатите од воспитно-образовната работа.
- Учествува во изготување и изедначување на кртериумите за оценување.
- Им ги објаснува на наставниците концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања.
- Им помага на наставниците да ги користат резултатите од екстерните оценувања (национални и меѓународни) за подобрување на наставата и учењето.
- Упатува во начинот за користење инструменти и процедури за вреднување учебници и други извори на учење.
- Резултатите од вреднувањето ги дава како препораки за избор на учебници и наставни материјали.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ја унапредува работата со надарените ученици.
2. Динамиката на паралелката ја поврзува со менаџментот во училница.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги објаснува и демонстрира начините на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.
- Го следи процесот на промени во работата кај наставникот и дава насоки за унапредување на начинот на работа.
- Изготвува социограм на паралелката и го анализира.
- Ги запознава новите наставници со динамиката на паралелката со која ќе работат и дава насоки за работата.
- Ги упатува новите наставници на нови пристапи и стратегии за водење на часот.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ПСИХОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ПСИХОЛОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР |
|---|
| 1. Креира систем за идентификација, следење и поддршка на надарените ученици во училиштето. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување/адаптирање инструменти за идентификација на надарените ученици.
- Реализира работилници и индивидуални консултации со надарените ученици (метакогнитивни стратегии, мотивација, социјални вештини и сл.).
- Го следи напредокот на надарените ученици.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Го подобрува системот за реагирање при кризни состојби кај учениците на ниво на училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Креира и развива превентивни програми (на пр., јакнење на самодоверба и самопочитување, превенција на непожелни видови однесување, учење на социјални вештини, мотивација за учење и сл.) за сите ученици, особено за оние од ранливите групи.
- Креира и реализира работилници за спроведување на превентивните програми.
- Ги следи ефектите од реализацијата на програмите.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПСИХОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Развива училишна политика за квалитетно оценување.
2. Ги разбира концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања, и ги анализира резултатите од нив.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ја анализира и вреднува практиката на оценување во училиштето.
- Ги користи сознанијата од вредувањето и научните сознанија за ефективно оценување во осмислувањето училишна политика за оценување.
- Учествува во вреднувањето на резултатите од воспитно-образовната работа.
- Учествува во изготување и изедначување на кртериумите за оценување.
- Им ги објаснува на наставниците концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања.
- Им помага на наставниците да ги користат резултатите од екстерните оценувања (национални и меѓународни) за подобрување на наставата и учењето.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

## КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ја унапредува работата со надарените ученици.
2. Динамиката на паралелката ја поврзува со менаџментот во училница.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги објаснува и демонстрира начините на кои може да им се помогне на учениците за користење на различни приоди во учењето.
- Го следи процесот на промени во работата кај наставникот и дава насоки за унапредување на начинот на работа.
- Изготвува социограм на паралелката и го анализира.
- Ги запознава новите наставници со динамиката на паралелката со која ќе работат и дава насоки за работата.
- Ги упатува новите наставници на нови пристапи и стратегии за водење на часот.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР СОЦИОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СОЦИОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Го подобрува системот за реагирање при кризни состојби кај учениците на ниво на училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Креира и развива превентивни програми (на пр., јакнење на самодоверба и самопочитување, превенција на непожелни видови однесување, учење на социјални вештини, мотивација за учење и сл.) за сите ученици, особено за оние од ранливите групи.
- Креира и реализира работилници за спроведување на превентивните програми.
- Ги следи ефектите од реализацијата на програмите.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - МЕНТОР ДЕФЕКТОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР |
|---|
| 1. Креира систем за идентификација, следење и поддршка на учениците со посебни образовни потреби во училиштето. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Го следи напредокот и развива приоди за работа со учениците со посебни образовни потреби.
- Изготвува/адаптира инструменти за идентификација на ученици со посебни образовни потреби.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Развива училишна политика за квалитетно оценување.
2. Ги разбира концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања, и ги анализира резултатите од нив.
3. Промовира ефективни методи и приоди во работата со ученици со посебни образовни потреби.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ја анализира и вреднува практиката на оценување во училиштето.
- Ги користи сознанијата од вредувањето и научните сознанија за ефективно оценување во осмислувањето училишна политика за оценување.
- Учествува во вреднувањето на резултатите од воспитно-образовната работа.
- Учествува во изготвување и изедначување на критериумите за оценување.
- Им ги објаснува на наставниците концептуалните приоди во различни екстерни национални и меѓународни оценувања.
- Им помага на наставниците да ги користат резултатите од екстерните оценувања (национални и меѓународни) за подобрување на наставата и учењето.
- Подготвува и реализира нагледни активности, со цел демонстрација на методи и приоди во работата со ученици со посебни образовни потреби.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Ја унапредува работата на наставниците со деца со посебни образовни потреби.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Развива проекти и иницијативи за да ги подобри теоретските знаења и практичните вештини на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

## Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР

1. Изработува училишна инклузивна политика и стратегија за работа со ученици со посебни образовни потреби.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Развива систем за мониторинг и снимање преку кој наставниците ќе го следат и бележат напредокот на учениците со посебни образовни потреби кон остварување на целите предвидени во ИОП.
- Развива административни процедури за ефективна комуникација и размена на податоци со релевантни институции.
- Во сите стратешки документи на училиштето ги вметнува аспектите на инклузивното образование на учениците со посебни образовни потреби.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – МЕНТОР БИБЛИОТЕКАР

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Теориите за учење ги поврзува со начините за користење информации за решавање проблеми и критичко размислување.
2. Користи иновативни пристапи во оспособувањето на учениците за читање со разбирање и истражување на извори на информации.
3. Меѓупредметните цели во концепциските и програмските документи ги поврзува со активностите во библиотеката.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги упатува учениците како при решавање проблеми да користат разни извори на информации.
- Со учениците организира активност за критичко вреднување на информации од различни области и извори.
- Ги учи учениците да ги аргументираат ставовите и мислењата.
- Организира различни форми на групна работа на учениците за читање уметничка литература.
- Со учениците организира истражувања на различни теми преку проучување на литература и други извори на информации.
- Користи различни методи во работата со учениците (демонстрира, предава, поддржува активности иницирани од самите ученици и сл.).
- При планирањето на работата на библиотеката ги вградува меѓупредметните цели и избира активности и соодветни материјали за нивно остварување.
- Реализира активности што вклучуваат меѓупредметни цели.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Користи различни начини за мотивирање за читање.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организирање различни активности за мотивирање за читање (читач на месецот, пишување прикази за книги, натпревари, читачки клубови, истражувачки клубови и сл.).

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Промовира и обезбедува услови за еднаков пристап.
2. Им помага на наставниците да користат разновидни стратегии за подобрување на читањето во рамките на редовната настава имајќи ги предвид различните потреби и интереси на учениците.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Развива политика за еднаков пристап до ресурсите во библиотеката и го следи нејзиното спроведување.
- Прави анализа на користењето на библиотеката од аспект на достапност за различни корисници, на причините за недоволно користење на библиотеката од одредени категории потенцијални корисници итн., дава предлози за надминување, презема конкретни активности итн.
- Презема конкретни активности за надминување на физичките, социјалните и интелектуалните бариери што оневозможуваат еднаков пристап до ресурсите и услугите.
- Им помага на наставниците во изнаоѓање и користење материјали што се соодветни на возрасните, когнитивните и социјалните карактеристики на учениците.
- Организира работилници за наставници за користење стратегии за читање со разбирање на различни видови текстови.
- Организира групи за учење со наставниците за вградување на стратегиите за читање во наставата.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Им помага на наставниците за иновирање на користењето на нови медиуми и извори на информации во наставата.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги советува наставниците, организира работилници.
- Демонстрира иновативно користење на нови медиуми и ги поттикнува наставниците да ги користат.
- Им сугерира на наставниците каде можат да ги вградат новите извори на информации во наставата.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Ја подобрува соработката на училиштето со семејството.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги информира родителите за новите образовни извори на информации.
- Иницира и организира проекти за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Иницира и развива партнерска соработка со заедницата за прашања релевантни за образованието во заедницата.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира заеднички активности со други институции и организации за промоција на читањето.
- Изработува процедури за начинот на планирање, организирање и реализирање активности и за нивно следење и вреднување (предавања, трибини, изложби, натпревари итн.).
- Има водечка улога во проектите за соработка со локалната заедница (иницијатор, раководител, координатор).
- Своите стручни знаења и искуства ги презентира пред пошироката јавност.
- Ја информира локалната заедница за одредени актуелни прашања од образованието и дава поддршка за прашања од неговата област.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Ги евалуира сопствените професионални активности од аспект на ефектите и ги подобрува.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација и ги споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика.
- Следи стручна литература за продлабочено проучување на специфични и нови прашања од областа и ја користи во работата.
- Следи обуки за постигнување повисоки компетенции (поспецифични вештини од областа, обуки за ментори, за раководење, истражување).
- Спроведува редовни проценки на потребите за користење на библиотеката користејќи истражувачки алатки како прашалници, фокус групи, интервјуа итн.
- Спроведува акциски истражувања за подобрување на сопствената работа.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Промовира иновативни приоди во користењето информациски технологии и други извори на информации.
2. Познава начини за пристап и умее да обезбеди информации од сложени бази.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Дава сугестии за подобрување на работата на училиштето.
- Ги споделува знаењата и информациите со наставниот и раководниот кадар.
- Изготвува насоки, упатства за користење различни извори на информации во наставата.
- За потребите на училиштето обезбедува материјали од други домашни и странски библиотеки.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**БИБЛИОТЕКАРОТ...**

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Новините во базите на извори на информации (TED, on-line курсеви, дидактички електронски материјали и сл.) ги поврзува со потребите за учење.
2. Умее да развие програми за работата на библиотеката што ја ставаат во центарот на учењето и размената на информации во училиштето.
3. Мотивира и обучува ученици за волонтерска работа во библиотеката.
4. Гради стратегија и организира активности за збогатување и користење на библиотечниот фонд и на библиотеката како ресурс за учењето.
5. Ја организира библиотеката како ресурсен центар за стручни материјали и добивање идеи за изготвување стручни материјали.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Се информира за содржини и карактеристики на специфични бази на информации.
- Информира и упатува на начините за користење нови бази на информации.
- Ја промовира библиотеката како центар за учење на сите во училиштето и во пошироката заедница.
- Во изработката на програмата за работа соработува со ученици, наставници, со училишната администрација и со родители за да излезе во пресрет на нивните потреби.
- Ја претставува работата на библиотекарот пред учениците.
- Врши избор на заинтересирани ученици за волонтирање во библиотеката.
- Прави програма за обука на учениците.
- Активно ги вклучува учениците во реализацијата на активности на библиотеката.
- Им помага на учениците да изготват материјали за презентација на нивната работа и работата на библиотеката.
- Воспоставува систем и користи различни начини за зголемување на библиотечниот фонд (на пр., донации од издавачки куќи и поединци, активности за собирање средства за опремување на библиотеката).
- Заедно со наставниците прави редовна евалуација и селекција на стручни материјали согласно потребите, способностите и интересите на учениците и вработените и спецификите на училиштето и средината.
- Организира продажен „саем на книги" во училиштето.
- Организира донаторски активности.
- Пронаоѓа спонзори.
- Ги вклучува наставниците, учениците и родителите во активности за зголемување на библиотечниот фонд.
- Дава идеи за иновативно користење на библиотеката.
- Ги дефинира мисијата и приоритетите на библиотеката.



# ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ *за* СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – СОВЕТНИК

# ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

Во овој дел се поместени компетенции што стручниот соработник којшто веќе се стекнал со звање ментор, треба да ги поседува за да се стекне со звањето стручен соработник-советник. Тие претставуваат надградба на Основните професионални компетенции за стручни соработници и Стандардите за стручен соработник-ментор и претставуваат еден вид критериум што се очекува да го задоволат само мал дел од најистакнатите стручни соработници и следствено да напредуваат во звање.

При дефинирањето на стандардите се поаѓаше од концептуализацијата на стручниот соработник-советник како практичар кој во текот на работата ги развил и усовршил основните професионални компетенции за стручен соработник и стандардите за стручен соработник-ментор, но и понатаму професионално се надградил и покажал дека компетентно се ангажира на пошироко ниво од училиштето, така што се вклучува во изработка на национални документи, стратегии и проекти, го дисеминира знаењето преку пишување брошури, прирачници, книги, модерирање обуки, учество во информативни емисии и слично.

При изработката на стандардите повеќе внимание се посвети на заедничките стандарди, отколку на стандардите за посебните профили стручни соработници, затоа што се ценеше дека ангажирањето на локално и национално ниво бара компетенции кои се слични кај секој профил стручен соработник и се надградба на стручните компетенции карактеристични за конкретните стручни профили.

Крајна цел на Професионалните стандарди за стручен соработник-советник е да придонесат за висококвалитетен ангажман на стручниот соработник-советник што ги надминува рамките на секојдневната работа во училиштето, а со тоа да се придонесе за поквалитетна работа на сите училишта.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** е висококомпетентен во својата стручна област и демонстрира практика која е добар пример за работа со ученици и која може да биде препорачана на системско ниво. Тој поседува продлабочени вештини за директна работа со ученици, неговите приоди во работата се иновативни, базирани врз нови научни истражувања или сопствени потврдени практики, посветен е на залагање за промени во политиките кои ги засегаат учениците на регионално или национално ниво и затоа знаењата и вештините за работа со ученици ги презентира на пошироката стручна јавност и е лидер на промените. Повеќегодишното искуство му овозможува поширока перспектива, па така неговите погледи, ставови, сфаќања и заложби ги надминуваат учењето и добросостојбата на учениците во училиштето и применливи се во поширок регионален и национален контекст. Тој се залага за поуспешно учење и развој на сите ученици, а тоа го покажува преку развивање локални или национални програми и интервенции за поддршка на учениците, објавување примери од практиката, учество во изработка на национални документи и слично. Секој од профилите на стручните соработници настојува во документите од системски карактер, во чија изработка е вклучен, да ја вгради експертизата од својата потесна стручност и да обезбеди сеопфатност на приодите во работата со учениците.

Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

## КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Осмислува и реализира иновативни пристапи при проценката и следењето на напредокот на учениците.
2. Промовира современи приоди во учењето пред пошироката професионална заедница.
3. Промовира подобрување во политиките, пристапите и методите за ефективно учење произлезени од истражувања и/или проверени во практиката.
4. Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на тим што создава методи, стратегии и инструменти за следење на напредокот на учениците на национално ниво.
- Развива програми и интервенции за поддршка на учениците во учењето на локално ниво и/или национално ниво и учествува во нивна евалуација.
- Истражува, приспособува и развива приоди за поддршка во учењето на учениците.
- Ја еволуира ефективноста на индивидуални и системски интервенции во начинот на учење на учениците.
- Објавува примери од сопствената практика и истражувања во стручни списанија или објавено на официјални (рецензирани) веб страници.
- Учествува во тимови за развој на пристапи и методи за ефективно учење.
- Учествува во истражување за оценка/евалуација на применетите пристапи и програми за ефективно учење.
- Презентира наоди од истражувањата на стручни собири, во книги, публикации, статии, стручни списанија, прирачници и сл.
- Учествува во изработка на документи за подобрување на инклузивното образование на национално и локално ниво.
- Учествува во проекти и иницијативи на национално и локално ниво за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во училиштето и пошироката средина.
- Учествува во работни групи за изработка на инструменти за идентификација на посебни образовни потреби на национално ниво.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Развива иновативни приоди за следење и поддршка на развојот на учениците.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во стручни тимови на локално или национално ниво за осмислување програми за поддршка на развојот на учениците.
- Учествува во реализација и оценка на ефективноста на спроведените програми на локално или национално ниво.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Истражува и промовира нови приоди во професионалната ориентација и кариерното насочување.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување стратешки и програмски документи за професионална ориентација и кариерно насочување.
- Учествува во изготвување нови приоди и инструменти за професионална ориентација и кариерно насочување.
- Учествува во евалуација на ефектите од применетите приоди на професионална ориентација и кариерно насочување на национално или локално ниво.





# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** не само што е почитуван и високо ценет од страна на наставниците во училиштето, туку е препознаен како високостручен и признаен стручен соработник во пошироката заедница. Со текот на работата има стекнато доволно искуство и сигурност да може да ги поддржува наставниците во работата, и тоа не само оние од своето училиште, туку и наставниците од регионот или државата. Тоа го постигнува преку учество во изготвување концепциски документи, авторство на написи/анализи, изработка на дидактичко-методички материјали, учество во системски интервенции и слично. Во подготовката на документи од поширок интерес што ја унапредуваат работата на наставниците, од стручниот соработник-советник се очекува да дава продлабочен придонес од аспект на сопствената потесна стручност.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Изработува концепциски и програмски документи на национално ниво.
2. Ги унапредува дидактичко-методичките аспекти на наставата.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на тимови за изготвување концепциски документи во образованието.
- Автор/коавтор е на анализи и вреднувања на одделни аспекти на воспитно-образовниот систем на национално ниво.
- Автор е на написи во кои ги анализира/објаснува националните политики во образованието.
- Учествува во тимовите за изготвување наставни програми.
- Изготвува стручни дидактичко-методички материјали што се позитивно рецензирани (примери од добра практика).
- Автор/коавтор е на прирачници, упатства, насоки, нагледни средства и слично со кои се унапредува наставата.
- Рецензент е на учебници и други извори за учење.
- Автор/коавтор е на одобрени учебници и работни материјали за ученици.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Придонесува за развивање и евалуација на системски интервенции/промени во училиштето, општината или регионот.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Оценува ефикасност на национални програми и ги модифицира врз основа на сознанијата.
- Спроведува системски интервенции/промени во училиштето и/или општината/градот.
- Ги евалуира ефектите од преземените активности.

# III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ[10]

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** е познат меѓу родителите како некој кој придонесува за учењето и развојот на учениците и како некој кој е постојано информиран за сите случувања/прашања релевантни за животот на учениците. Неговиот ангажман ги надминува успешните советувања со родителите во училиштето, бидејќи пишувајќи прирачници, учествувајќи во изготвување на концепциски документи или во едукативни емисии, пишувајќи во популарни списанија и сајтови тој е активен и има влијание во пошироки рамки во општеството.

10 Под родител се подразбира и законски застапник, старател.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Идентификува нови ефективни приоди во советувањето на родителите и ги применува во практиката.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Автор/рецензент е на прирачник за работа со родители во воспитно-образовната дејност.
- Учествува во изготвување концепциски документи за работа со родителите.

## III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Потподрачје:** ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Родителите и пошироката јавност ги едуцира за прашања поврзани со родителството преку средствата за масовно комуницирање.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Автор е на прирачник за родители (за добро родителство).
- Учествува во едукативни ТВ/радиоемисии.
- Пишува во популарни списанија и сајтови за родителството.
- Водител е на школи за родители.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** не само што е иницијатор, туку е и иноватор и тоа се согледува во неговиот ангажман во заедницата, каде што постојано пронаоѓа начини да иницира и организира проекти за подобрување на животот во училиштето и во заедницата. Тој е препознаен во заедницата како иницијатор на соработка со заедницата што се карактеризира со нови содржини и начини на соработка. Тој е горд со постигањата на своето училиште, па затоа ја користи секоја прилика да го промовира училиштето во заедницата, како и жителите на заедницата цврсто да ги поврзе со училиштето.

# IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

## КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Идентификува нови подрачја и начини за соработка со заедницата и презема водечка улога во нивното имплементирање.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Иницира, изработува и организира проекти со локалната заедница за подобрување на постигањата на учениците и животот во заедницата.
- Гради стратегија и ја промовира работата на училиштето и постигањата на учениците во пошироката заедница.
- Организира и одржува семинари, трибини, работилници за унапредување на партнерските односи помеѓу училиштата и институциите од заедницата.



# V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** е пример на професионалец кој постојано и многу вложува во сопствениот професионален развој. Како резултат на тоа тој се стекнува со дополнително формално образование и се вклучува во различни форми на неформално образование. Заради искуствата и знаењата за професионалниот развој на стручните соработници и другиот воспитно-образовен кадар, тој се ангажира на изготвување стратешки документи за професионалниот развој на ниво на држава. Стручниот соработник-советник има компетенции и разновидни искуства во форми за стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар што ги надминуваат рамките на училиштето. Затоа, неговите колеги, стручни соработници и наставниците ја ценат неговата компетентност во многу области и го доживуваат како некој кој е тука за да им помогне ним во нивното стручно усовршување.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Развива и применува стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво.
2. Перманентно ги развива сопствените научни и стручни знаења.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на работни тела за изготвување документи за професионален развој од регионален и национален интерес.
- Ги презентира стручните сознанија до кои дошол преку истражувања во стручен печат ( списанија, книги, прирачници) или на стручни собири.
- Учествува во работата на тело за проценка на професионалното и кариерното напредување на колегите наставници/стручни соработници.
- Учествува во избор, адаптација и изработка на инструменти за евалуација на наставници/стручни соработници**.**
- Дава предлози за подобрување на улогата (компетенции, програми, статус, професионално организирање) на сопствениот профил на стручен соработник.
- Стручно се усовршува во научни звања (специјализација/магистратура/докторат).
- Користи разни форми на неформално стручно усовршување за новини во струката.
- Учествува на државни и меѓународни стручни собири.
- Учествува на стручни и студиски патувања.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Придонесува наставниците да се стекнат со повисоки компетенции.
2. Придонесува за професионален развој на колегите стручни соработници.
3. Иницира меѓу училишта соработка за професионален развој.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Им помага на менторите на наставници во изготвувањето менторска програма и ја следи нејзината реализација.
- Автор или коавтор е на програма за стручно усовршување на наставници и стручни соработници.
- Реализатор е на обуки надвор од училиштето.
- Им помага на наставниците во спроведувањето акциски истражувања и подготовка на презентација на наоди и/или пишување различни видови стручни трудови.
- Сопствените успешни практики ги споделува со колегите во функција на нивниот професионален развој.
- Администрира сопствена веб страница/блог за размена на информации и искуства од струката.
- Иницира регионална/национална соработка на стручни соработници.
- Реализатор е на обуки, работилници, консултации за колегите стручни соработници на национално ниво.
- Ги информира и поттикнува колегите за користење на можностите за учење и професионално усовршување.
- Раководи со работата на стручните активи, секции и/или здруженија на стручни соработници на регионално и државно ниво.
- Организира различни форми на размена на позитивни искуства за унапредување на професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници на ниво на заедница.









# VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** поседува високостручни компетенции за посложени проучувања и истражувања на воспитно-образовната работа. Тој умее да користи научно-истражувачки постапки и наоди што ќе придонесат за објаснување на одделни појави и состојби и донесување одлуки на системско ниво. Има развиено вештини за правење посложени истражувачки нацрти кои бараат и посложени статистички анализи, заради кои претставува вреден ресурс за другите образовни институции што се занимаваат со истражувачка работа и често е ангажиран за разни проекти, истражувања, анализи и слично. Стручниот соработник-советник критички ги анализира податоците за состојбите во воспитно-образовниот систем, по потреба прави метаанализии, ги презентира сознанијата и врз основа на нив дава предлози за системски подобрувања. Во потесна стручна област врши покомплексни истражувања релевантни за образованието во поширок контекст (национален или меѓународен).

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК**

1. Прави критички осврт/анализа на постојните состојби во образованието.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Осмислува анализи, интерпретира резултати и ги презентира пред пошироката јавност.
- Прави метаанализи на податоци и ги објавува сознанијата.
- Ги анализира состојбите и политиките во образованието и нивните консеквенции и ги презентира сознанијата.

## VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Потподрачје:** ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК**

1. Работи на истражувачки проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување и стандардизација на мерни инструменти.
- Држи обуки за спроведување истражувачки проекти во воспитно-образовниот процес.
- Резултатите од спроведените истражувања ги објавува во домашни и странски списанија.
- Учествува во тимови за истражувања (национални и меѓународни) спроведувани од други образовни институции (на пр., БРО, ЦСОО, факултети и сл. ).
- Прави метаанализа на резултати од истражувања на одделна проблематика, презентирани во меѓународни и домашни истражувачки студии.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК** покрај тоа што ги води процесите на долгорочното планирање на стратегии и политики за различни области на ниво на училиште, заради својата компетентност и иновативност се вклучува и во изготвување стратешки и концепциски документи на ниво на држава. Тој не само што има успеси во создавањето на стимулативна и безбедна средина во своето училиште, туку се залага и за безбедна заедница во која се вклучени и други училишта и членови на локалната заедница. Покрај залагањето за инклузија на учениците во училиштето, се залага и за нивна инклузија во пошироката заедница, така што иницира проекти за меѓуучилишна соработка или активности за соработка со локалната заедница.

Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

## КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Анализира и изработува концепциски и стратешки документи во образованието.
2. Развива проекти за унапредување на воспитно-образовната работа на регионално и национално ниво.
3. Го води процесот на развојно планирање во училиштето.
4. Ги подобрува училишните политики за оценување.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Координира иницијативи на училиштето за подобрување на наставните планови и програми.
- Член е на тимови за изготвување концепциски документи во образованието.
- Автор/коавтор е на анализи и вреднувања на одделени аспекти на образовниот систем на национално ниво.
- Член е на тим што раководи иновативни проекти на национално ниво.
- Презентира искуства од спроведените иновации во стручна литература, медиуми, стручни собири, конференции, семинари.
- Учествува во меѓународни проекти.
- Автор/коавтор е на одобрени проекти со кои се унапредува воспитно-образовната работа.
- Ги координира активностите за поврзување на изготвените стратешки и развојни планови.
- Организира мониторинг и евалуација на реализацијата на развојната програма на училиштето.
- Подготвува извештај од евалуацијата на развојната програма по одделни подрачја.
- Раководи со тимот за градење училишна политика за оценување.

# VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

## Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Поттикнува активности за создавање безбедна и позитивна средина за учениците на локално ниво.
2. Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Иницира, организира и спроведува заеднички активности за меѓуучилишна соработка на учениците и наставниците заради безбедност.
- Иницира, организира и спроведува заеднички активности со локалната заедница заради безбедност на учениците.
- Предлага и презема активности за вклучување на учениците во животот и работата на локалната заедница без разлика на нивните способности, потекло и социоекономска состојба.
- Учествува во изработка на документи за подобрување на инклузивното образование на локално и национално ниво.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ПЕДАГОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК |
|---|
| 1. Развива програми за превенција и кризна интервенција со ученици. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување стратешки документи на национално ниво за кризна интервенција со ученици.
- Работи во тимови на национално ниво за препознавање и превенција на кризни состојби кај учениците и давање поддршка.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПЕДАГОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Го унапредува националното оценување.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во тимови за изработка на стандардизирани тестови на знаење.
- Учествува во осмислување и изготвување документи за екстерни национални оценувања.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПЕДАГОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Учествува во системски промени за приспособување на начинот на работа на наставниците кон потребите и можностите на учениците со посебни образовни потреби.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на стручни тимови за креирање пристапи за работа со надарени ученици.
- Автор/коавтор е на прирачници за работа со ученици со посебни образовни потреби (надарени, ученици со пречки во развојот, социјално депривирани, со специфични потешкотии во учењето и др.).

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ПСИХОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ПСИХОЛОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК |
| --- |
| 1. Развива систем за работа со надарени ученици. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира активности за препознавање, поддршка и наградување на надарените ученици во заедницата.
- Учествува во изготвување и реализација на програма за работа со надарени ученици на локално ниво.
- Учествува во изготвување на програмски и стратешки документи на национално ниво за работа со надарени ученици.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК**

1. Развива програми за превенција и кризна интервенција со ученици.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување стратешки документи на национално ниво за кризна интервенција со ученици.
- Работи во тимови на национално ниво за препознавање и превенција на кризни состојби кај учениците и давање поддршка.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ПСИХОЛОГОТ...

**КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК**

1. Го унапредува националното оценување.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во тимови за изработка на стандардизирани тестови на знаење.
- Учествува во осмислување и изготвување документи за екстерни национални оценувања.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

### Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ПСИХОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Учествува во системски промени за приспособување на начинот на работа на наставниците кон потребите и можностите на учениците со посебни образовни потреби.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на стручни тимови за креирање пристапи за работа со надарени ученици.
- Автор/коавтор е на прирачници за работа со ученици со посебни образовни потреби (надарени, ученици со пречки во развојот, социјално депривирани, со специфични потешкотии во учењето и др.).

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК СОЦИОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СОЦИОЛОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК |
| --- |
| 1. Развива програми за превенција и кризна интервенција со ученици. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во изготвување стратешки документи на национално ниво за кризна интервенција со ученици.
- Работи во тимови на национално ниво за препознавање и превенција на кризни состојби кај учениците и давање поддршка.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК ДЕФЕКТОЛОГ

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

| КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК |
|---|
| 1. Развива систем за работа со ученици со посебни образовни потреби. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира активности за препознавање, поддршка на учениците со посебни образовни потреби во заедницата.
- Учествува во изготвување програмски, стратешки документи, правилници за работа со ученици со посебни образовни потреби.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Го унапредува националното оценување.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во тимови за изработка на стандардизирани тестови на знаење.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

ДЕФЕКТОЛОГОТ...

### КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК

1. Учествува во системски промени за приспособување на начинот на работа на наставниците со учениците со посебни образовни потреби и специфични потешкотии во учењето.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Автор/коавтор е на прирачници за работа со ученици со посебни образовни потреби и специфични потешкотии во учењето.
- Учествува во изготвување процедури за работа на наставниците со ученици со посебни образовни потреби и специфични потешкотии во учењето.

# СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - СОВЕТНИК БИБЛИОТЕКАР

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Промовира современи приоди за користење на библиотеката како центар за учење пред пошироката професионална заедница.
2. Промовира подобрување во политиките, пристапите и методите за ефективно учење во библиотеката произлезени од истражувања и/или проверени во практиката.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Истражува, приспособува и развива приоди за поддршка во учењето на учениците во библиотеката.
- Ја евалуира ефективноста на индивидуални и системски интервенции во начинот на користење на библиотеката.
- Објавува примери од сопствената практика и истражувања во стручни списанија или објавено на официјални (рецензирани) веб страници.
- Учествува во тимови за развој на пристапи и методи за ефективно учење.
- Учествува во истражување за оценка/евалуација на применетите пристапи и програми за ефективно учење.
- Презентира наоди од истражувањата на стручни собири, во книги, публикации, статии, стручни списанија, прирачници и слично.

## IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Идентификува нови подрачја и начини за соработка со заедницата и презема водечка улога во нивното имплементирање.
2. Придонесува за развивање и евалуација на системски интервенции/промени во училиштето, општината или регионот.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Иницира, изработува и организира проекти со локалната заедница за подобрување на постигањата на учениците и животот во заедницата.
- Гради стратегија и ја промовира работата на училиштето и постигањата на учениците во пошироката заедница.
- Организира и одржува семинари, трибини, работилници за унапредување на партнерските односи помеѓу училиштата и институциите од заедницата.
- Оценува ефикасност на национални програми и ги модифицира врз основа на сознанијата.
- Спроведува системски интервенции/промени во училиштето и/или општината/градот.
- Ги евалуира ефектите од преземените активности.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Перманентно ги развива сопствените научни и стручни знаења.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Стручно се усовршува во научни звања (специјализација/магистратура/докторат).
- Користи разни форми на неформално стручно усовршување за новини во струката.
- Учествува на државни и меѓународни стручни собири.
- Учествува на стручни и студиски патувања.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Иницира соработка со библиотекари од други училишта за споделување на знаењата за унапредување на работата.
2. Придонесува за професионален развој на колегите библиотекари.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Учествува во регионлани тимови/секции/активи на библиотекари.
- Сопствените успешни практики ги споделува со колегите во функција на нивниот професионален развој.
- Администрира сопствена веб страница/блог за размена на информации и искуства од струката.
- Иницира регионална/национална соработка на стручни соработници.
- Реализатор е на обуки, работилници, консултации за колегите стручни соработници на национално ниво.
- Ги информира и поттикнува колегите за користење на можностите за учење и професионално усовршување.
- Раководи со работата на секции и/или здруженија на стручни соработници на регионално и државно ниво.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА

БИБЛИОТЕКАРОТ...

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

1. Анализира и изработува концепциски и стратешки документи во образованието.
2. Развива проекти за унапредување на воспитно-образовната работа на регионално и национално ниво.
3. Поттикнува, планира и организира вмрежување на училишните и други библиотеки.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Координира иницијативи на училиштето за подобрување на наставните планови и програми.
- Член е на тимови за изготвување концепциски документи во образованието.
- Автор/коавтор е на анализи и вреднувања на одделни аспекти на образовниот систем на национално ниво.
- Член е на тим што раководи иновативни проекти на национално ниво.
- Презентира искуства од спроведените иновации во стручна литература, медиуми, стручни собири, конференции, семинари.
- Учествува во меѓународни проекти.
- Автор/коавтор е на одобрени проекти со кои се унапредува воспитно–образовната работа.
- Учествува во развој на мрежи за размена на информации и ресурси.
- Изготвува предлози, планови за времежување на училиштата на ниво на општина.
- Прави анализи на соработката меѓу училишните библиотеки и дава предлози за подобрување.



# ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ *за* СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ВО СТРУКА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

# ВОВЕД

Професионалните компетенции за стручни соработници ги изготви работна група составена од претставници од училиштата и од Центарот за стручно образование и обука. При нивната изработка беа земени предвид Основните професионални компетенции за наставници и за стручни соработници.

Професионалните компетенции за стручни соработници во струка ги дефинираат вредностите, знаењата и вештините што тие треба да ги поседуваат за да ја извршуваат успешно својата работа. Опишани се компетенциите што стручните соработници во струка треба да ги поседуваат од моментот на завршувањето на приправничкиот стаж и по успешното полагање на стручниот (приправнички) испит, па сè до крајот на работниот век. При нивното определување се водеше сметка да бидат опфатени компетенции што се однесуваат на севкупниот професионален ангажман на стручните соработници во струка-работа со ученици, со наставници и во училиштето во целина. Улогата на стручниот соработник беше согледана најмногу од аспект на обезбедување поддршка на наставниците заради успешно реализирање на наставата, а кај стручните соработници што непосредно работат и со ученици и од аспект на поддршка на учењето и развојот на учениците.

При изработката на компетенциите провејуваше идејата за тимска работа меѓу наставниците и стручните соработници во струка.

Општите компетенции кои се неопходни за повеќето професии во 21 век, како на пример, користењето информатичка технологија, познавањето странски јазик и сл., не се спомнати, бидејќи се очекува стручните соработници да ги поседуваат до ниво што им овозможува користење во секојдневната работа.

Компетенциите кои се однесуваат на професионалните знаења и вештини се организирани во четири подрачја, а секое подрачје се состои од неколку потподрачја. Притоа, одредени компетенции можат да припаѓаат на неколку подрачја. Во тие случаи компетенцијата е поместена само во едно подрачје, односно еднаш спомената, не се јавува повторно во друго подрачје.

Професионалните знаења и вештини и примерите на активности се групирани во следниве подрачја:

I. **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ**
   - Поддршка на учениците во учењето
   - Следење и поддршка на развојот на учениците

II. **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ**
   - Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
   - Поддршка на наставниците за работа со учениците

III. **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА**
   - Личен професионален развој
   - Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

IV. **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА**
   - Училишна структура и организација и училишна клима, безбедна средина и демократско учество

# ПРОФЕСИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ

## СЕКОЈ УЧЕНИК МОЖЕ ДА УЧИ И ДА СЕ РАЗВИВА

Стручниот соработник во настава верува дека, иако учениците се посебни индивидуи и се разликуваат според способностите, пристапите во учењето, искуствата, интересите и мотивацијата, сите можат да учат и да се развиваат. Убеден е дека потенцијалите на учениците ќе се развиваат, ако учениците се мотивирани да вложат соодветен напор, којшто ќе резултира со чувство на успешност. Тоа ќе ја зајакне самодовербата и мотивацијата за учење. Смета дека, ако наставата излегува во пресрет на интересите и потребите на учениците и овозможува стекнување на знаења што се релевантни за нив, тие ќе учат со задоволство и посветено и ќе размислуваат за своите потенцијали како за нешто што може да се подобрува, а тоа ќе им помогне да се развиваат како успешни поединци и членови на заедницата. Убеден е дека демократскиот пристап кон учениците ќе ги поттикне тие во него да гледаат некој кој нуди помош и поддршка. Овие уверувања особено треба да ги манифестираат стручните соработници што непосредно работат со ученици.

## ПОСВЕТЕНОСТ НА ПРОФЕСИЈАТА

Стручниот соработник во струка, иако не е базично подготвуван за работа во образованието, ја сака својата професија, сака да работи со млади, верува во нивните можности и се радува на успесите што тие ги постигнуваат. Убеден е дека тој не е само соработник на наставникот, туку треба да покажува грижа за учењето и развојот на учениците, да е отворен за комуникација и помош и да им дава поддршка кога им е потребна. Верува дека професијата што ја врши е важна не само за учениците, туку и за општеството и верува дека позитивните промени кај учениците водат кон позитивни промени во општеството како целина. Смета дека без разлика колку нешто е добро, секогаш може да биде и подобро, па затоа предизвиците во професијата ги гледа како можност за подобрување на наставните практики.

## СОРАБОТКА

Стручниот соработник смета дека за успешно учење и развој на ученикот важно е да се воспостави партнерски однос на сите во училиштето. Тој и наставниците ќе споделуваат исти цели за учењето на учениците, ќе разменуваат информации, ќе договараат приоди и стратегии, ќе се надополнуваат, а нивната меѓусебна комуникација ќе се базира врз заемно почитување и доверба. Убеден е дека преку професионална соработка со колегите може да придонесе за повисоки постигања на учениците и за афирмација на училиштето.

## ЕДНАКВОСТ, ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ПРАВДА

Стручниот соработник е чувствителен за различностите кај учениците и покажува подготвеност да ги прифати учениците како посебни личности различни од другите, без разлика на нивните способности. Верува дека учениците ќе сакаат да учат и ќе ја сакаат професијата за која се оспособуваат доколку се чувствуваат прифатени од сите и затоа настојува да создаде средина во која секоја различност се прифаќа и почитува. Смета дека документите за правата на луѓето и децата и за антидискриминација, како и принципите на социјална правда, треба да бидат доследно применети во секојдневието и тоа го покажува преку донесување праведни и фер одлуки.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ВО СТРУКА** кој е вклучен во наставата им дава поддршка на учениците во развивањето вештини за успешно користење на современата опрема и апаратура, користење на соодветен начин на наставните ресурси во лабораторија, кабинети или работилници за практична настава. Особено е важно преку индивидуалниот пристап на работа на стручниот соработник во струка, да ги мотивира учениците за постигнување подобри резултати.

Стручниот соработник вон настава придонесува во асистирањето во постапки и процедури при изведувањето практична настава и преку комуникација со стручниот наставник сугерира користење на соодветна опрема и средства за заштита.

Особено е важно стручниот соработник во струка да води соодветно портфолио за учениците.

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО[12]

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО СТРУКА ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ги познава концептите за когнитивниот развој на ученикот. | 1.1 | Ја проценува подготвеноста на учениците за вклучување во работата со современа опрема и апаратура кои се составен дел на лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава и нејзино адекватно следење. |
| 2. | Познава основни стратегии за учење со соодветни наставни ресурси кои ги развиваат вештините од областа на практичната настава, согласно индивидуалните карактеристики. | 2.1 | Препознава различни образовни потреби на учениците. |
| | | 2.2 | Дава поддршка при работата со соодветни наставни ресурси за изведување практична настава. |
| 3. | Познава методи и техники за работа со ученици и нивно успешно насочување за работата со соодветни наставни ресурси во процесот на практичната настава. | 3.1 | Ги усогласува специфичните потреби на учениците во процесот на реализација на практичната настава. |
| | | 3.2 | Ги препознава новите технологии соодветни за реализација на процесот на практична настава. |
| 4. | Познава фактори кои го мотивираат ученикот во работата со соодветни наставни ресурси во процесот на развојот на вештини. | 4.1 | Гради позитивен став за работата со соодветни наставни ресурси во процесот на развој на вештини. |
| 5. | Ги познава основните принципи на инклузивното образование. | 5.1 | Препознава потреба од соодветен приод за инклузија. |
| 6. | Познава модели и форми за совладување на работните задачи за практичната настава. | 6.1 | Организира активности за појаснување на задачите од практичната настава во соработка со наставникот по практична настава. |
| 7. | Знае да води евиденција за напредокот на ученикот по процесот на практична настава. | 7.1 | Ја проценува и евидентира успешноста на работата на ученикот. |

11 Потподрачјето се однесува на стручни соработници што се непосредно вклучени во настава.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Користи соодветни методи за подготовка на учениците при вклучување во работата со современа опрема и апаратура кои се составен дел на лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава.
- Демонстрира постапки, процедури и процеси со соодветни наставни ресурси.
- Го следи напредокот на учениците во практичната настава и им дава соодветни насоки согласно индивидуалните карактеристики.
- Ги насочува индивидуално и/или групно учениците како да користат различни техники за работата со соодветни наставни ресурси за развивање вештини од соодветната област.
- Овозможува ефективна соработка со и помеѓу учениците.
- Пронаоѓа начин за презентација на новите технологии апликативни за практичната настава.
- Реализира различни видови на индивидуална и групна работа, во соработка со наставникот по практична настава.
- Поттикнува и поддржува пријавување на ученици на конкурси и натпревари.
- Применува соодветен приод со учениците со посебни образовни потреби.
- Подготвува наставни ливчиња со содржини од практична настава, во соработка со наставникот по практична настава.
- Применува метода на демонстрирање на готов производ и фази на изработка на истиот.
- Води портфолио за практичната настава.

# I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Потподрачје:** СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО СТРУКА ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Познава принципи за работа во лабораторија, кабинет и работилница за практична настава. | 1.1 | Оспособен е да демонстрира работа во лабораторија со примена на основни принципи и методи за заштита и самозаштита. |
| | | 1.2 | Применува основни принципи и методи за заштита и самозаштита при работа во лабораторија, кабинет и работилница за практична настава. |
| 2. | Ги знае работата и значењето на современата опрема и апаратура кои се составен дел на лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава. | 2.1 | Идентификува составни делови, ги објаснува карактеристиките и примената на опремата и апаратурата, го објаснува процесот на работа. |
| | | 2.2 | Се грижи за одржувањето и правилната употреба на опремата и апаратурата. |
| **СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО НАСТАВА** | | | |
| 3. | Препознава предизвици во комуникацијата и соработката со припадници на различни култури, со различни вредности и искуства. | 3.1 | Комуницира со учениците и наставниците на начин кој обезбедува поддршка и доверба. |
| | | 3.2 | Комуникацира со почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Асистира во постапки и процедури при изведување практична настава.
- Сугерира користење на соодветна опрема и средства за самозаштита и заштита на макро и микро околината.
- Користи различни нагледни средства за запознавање на учениците со основните делови и карактеристики на опремата и апаратурата.
- Демонстрира процес на работа со опрема и апаратура.
- Изведува постапки за одржување и правилна употреба на опрема, апаратура и машини.
- Практикува механизми кои му овозможуваат на ученикот да развие доверба и да добие поддршка.
- Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците.
- Користи различни приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците.
- Комуницира со стручниот наставник како дел од тимот за практична настава.

# II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ВО СТРУКА** потребно е, од една страна, добро да ги познава наставните планови и наставните програми за практична настава, а од друга страна, да има доволно информации за расположливите ресурси за реализација на практичната настава. Тоа му овозможува во работата со наставниците да дава поддршка во изборот на начини и идеи за користење релевантни ресурси за реализација на практичната настава.

Стручниот соработник во струка кој директно е вклучен во наставата ја следи комуникацијата во училницата и му дава повратна информација на наставникот.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

### Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА



| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги познава наставните планови и програми за струката на образованието во коешто работи. | 1.1 Идентификува наставен план и програма за практична настава за образовен профил за кој реализира практична настава. |
| 2. Познава карактеристики и намена на наставните ресурси[13] потребни за реализација на програмата по практична настава. | 2.1 Ги одредува расположливите ресурси во лабораторија, кабинет, рабоилница во зависност од целите на наставните програми по практична настава.<br>2.2 Ги идентификува наставните ресурси според нивните карактеристики.<br>2.3 Правилно ги користи наставните ресурси. |
| 3. Познава различни извори на нови материјали и технологии потребни за реализација на практичната настава. | 3.1 Бара и следи новитети во технологијата карактеристични за струката за подобрување на практичната настава.<br>3.2 Ги известува наставниците за различните извори на материјали и технологии. |
| 4. Има познавања од набавка и водење евиденција за потребни и потрошени наставни ресурси за реализација на програмата по практична настава. | 4.1 Набавува потребни наставни ресурси за реализација на програмата по практична настава. |
| **СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО НАСТАВА** | |
| 5. Ја разбира посебноста/индивидуалноста на учениците. | 5.1 Ја почитува посебноста/ индивидуалноста на секој ученик и ги поврзува неговите потреби со соодветни начини за развивање вештини. |
| 6. Познава начела за воспоставување позитивна социоемоционална клима во лабораторија, кабинет, работилница за практична настава. | 6.1 Придонесува при воспоставувањето позитивна социоемоционална клима во лабораторија, кабинет, работилница за практична настава. |

12 Под ресурси се подразбираат: супстанции, лабораториски инвентар, реагенси, инструменти, проби за анализа, апарати и слично.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Во соработка со наставниот кадар креира неделен и дневен план за работа и организира различни видови активности за развој на вештините на учениците.
- Со дневно и неделно планирање на работата ја организираат работата во согласност со наставната програма.
- Врши избор на наставни ресурси потребни за реализација на програмата по практична настава.
- Помага во изборот на соодветни наставни ресурси за реализација на програмата по практична настава врз основа на дневен и неделен план за работа / помага во изборот на соодветни наставни ресурси за реализација на конкретни практични задачи.
- Распределува соодветни наставни ресурси по работни места.
- Упатува на начините за избор и користење на различни извори за материјали и технологии.
- Ги информира наставниците за новите техничко-технолошки достигнувања заради успешна реализација на наставните програми.
- Подготвува листа на потребни ресурси за реализација на програмата по практична настава во соработка со наставникот.
- Врши требување / прием на наставни ресурси потребни за реализација на програмата по практична настава.
- Тековно води евиденција за потребните наставни ресурси за реализација на практичната настава.
- Пополнува пописни листи и картони за потребни и потрошени наставни ресурси.
- На наставниците им предлага соодветни ресурси потребни за учениците вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.
- Им помага на наставниците при изборот на наставните ресурси во зависност од специфичните потреби на учениците.
- Излегува во пресрет на специфичните барања и потреби на учениците.
- Го набљудува однесувањето на учениците од паралелката за време на практичната настава и одморот и му дава повратна информација на наставникот за подобрување на социоемоционалната клима во работилницата / лабораторија / кабинет.

## II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ[14]

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО СТРУКА ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Познава начини за работа со ученици преку користење разни наставни ресурси. | 1.1 | Ги користи способностите и афинитетите на учениците со избор на соодветни наставни ресурси. |
| 2. | Го познава влијанието на социјалните и културните фактори врз образованието. | 2.1 | Промовира почитување на разликите и демократските вредности. |
| | | 2.2 | Се залага за почитување на личноста на секој ученик. |
| 3. | Познава принципи за добра комуникација меѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно. | 3.1 | Им дава поддршка на наставниците за воспоставување добра комуникација помеѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно. |
| 4. | Познава правила за безбедност при работа. | 4.1 | Применува правила за безбедност при работа во работилница/лабораторија. |
| | | 4.2 | Им пружа соодветна поддршка на учениците за заштита при работа и користење заштитни средства и опрема. |
| 5. | Познава опасности при работа и заштитни средства и опрема. | | |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Демонстрира начин за правилно користење на наставните ресурси.
- Интервенира во случај на неправилно користење на наставните ресурси.
- Идентификува ученици со различна способност за користење и ракување со наставни ресурси.
- Му сугерира на наставникот начини за развивање на способностите на учениците и за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси од различни карактери.
- Внесува нови начини на работа и соработка со наставниците и со учениците.
- Му помага на наставникот во работата со ученици со различни културни и социјални фактори во рамките на група и индивидуално.
- Му помага на наставникот во постапките за подготовка и работа во паралелката во која има ученици од ранливи категории.
- При формирањето на групна работа, организира подгрупи со ученици со културни и социјални разлики (мешани групи).
- Претставува позитивен модел за наставниците во примената на комуникациски вештини.
- Ги советува наставниците за комуникацијата со одделна група ученици.
- Ја следи комуникацијата во работилница, лабораторија, училница и му дава повратна информација на наставникот.
- Ги запознава учениците со правилата за безбедност при работа во работилница, лабораторија.
- Дава насоки за заштита при работа и демонстрира користење на заштитни средства и опрема.
- Интервенира во случај на незгода.

13 Потподрачјето се однесува за стручни соработници во настава.

# III. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ВО СТРУКА** во делот за професионална соработка има важна улога во делот на планирање и реализација на практичната настава. Соработката се однесува на селектирање, подготовка на наставни ресурси, како и соодветно чување и користење на истите. Исто така, соработува со наставникот во делот на евидентирање и водење евиденција за успешноста на учениците.

## III. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

### Потподрачје: ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО СТРУКА ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја сфаќа комплексноста на професијата стручен соработник во струка и одговорностите што таа ги носи. | 1.1 | Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) овозможуваат развој на постојните и стекнување нови способности и вештини потребни за унапредување на сопствената работа. |
| 2. | Ја разбира важноста од планирањето на сопствениот професионален развој. | 2.1 | Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги професионалните компетенции, резултатите од саморефлексија на сопствената работа, како и потребите произлезени од новите трендови на науката. |
| 3. | Ги познава потребните професионални компетенции за својот профил на стручен соработник. | | |
| 4. | Ги знае ефективните начини и можности за личен и професионален развој. | 4.1 | Ги утврдува соодветните форми на стручно усовршување за подобрување на сопствената работна практика. |
| 5. | Ги познава изворите за добивање информации значајни за струката (списанија и сл.). | 5.1 | Соработува со стручните соработници во соодветната струка. |
| | | 5.2 | Користи литература од различни извори за унапредување на личниот и професионалниот развој. |
| 6. | Го познава етичкиот кодекс на професијата/ училиштето. | 6.1 | Се однесува согласно етичкиот кодекс на професијата. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Врши проценка на ефикасноста на сопствената работа.
- Постојано го подобрува водењето и организацијата на работната просторија (лабораторија, работилница, специјализирана училница и др.).
- Врши самоевалуација на сопствените компетенции и ги идентификува потребните компетенции за понатамошното стручно усовршување.
- Врз основа на самоевалуацијата изработува индивидуален план за професионален развој.
- Реализира активности, води евиденција и поседува докази (личен план, сертификати, посетени и реализирани обуки, белешки од саморефлексија и слично) за сопствениот професионален развој.
- Учествува во различни групни (обуки, конференции, семинари и сл.) и индивидуални (пребарување на литература, чита професионални публикации, истражува на Интернет разни ресурси и сл.) форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето.
- Учествува во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми со цел да ја подобри својата работа.
- Ги следи информациите поврзани со техничко-технолошкиот развој и новите развојни трендови во науката, значајни за образованието и реализацијата на практичната настава.
- Континуирано се усовршува за новите инструменти и апарати.
- Претставува пример( модел) за етичко однесување.

# III. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО СТРУКА ...

| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја разбира важноста од професионалната соработка во училиштето. | 1.1 | Воспоставува професионални односи во работата. |
| 2. | Го разбира значењето на соработката со наставникот и стручниот актив во насока на подигање на квалитетот на практичната настава. | 2.1 | Употребува стручни информации и искуства, и користи совети за подобрување на својата работа и подигање на квалитетот на практичната настава. |
| 3. | Се информира за наставните содржини поврзани со промовирање ресурси кои може да се користат во наставата. | 3.1 | Предлага нови ресурси (материјали, средства, алатки и сл.) согласно со техничко-технолошкиот развој и новите трендови во науката. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Соработува со директорот, стручните соработници, наставниците, стручната служба за набавка на материјали и со другите вработени.
- Соработува со наставниците при планирање на годишната и тематското планирање на практичната настава, заради реализација на наставната програма по практична настава.
- Применува иновации во работата со што ги поттикнува и мотивира наставниците.
- Заедно со наставниците селектира и подготвува наставни ресурси, ги чува и ги користи соодветно.

# IV. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ВО СТРУКА** ги познава специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето, специфичностите на потсистемот на образованието во кој работи. Придонесува за промоција на училиштето, внесува позитивна и пријатна атмосфера во училиштето, во лабораторијата, кабинетите и работилниците за практична настава. Со своето однесување служи како пример за почитување на безбедносните правила во работните простории. Економично работи и располага со соодветните наставни ресурси.

## IV. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Потподрачје:** УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО



| А. | ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. | ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Ја познава организациската структура во училиштето. | 1.1 | Се раководи според општите принципи на системот на воспитание и образование. |
| 2. | Познава различни видови материјали и средства за учење и за реализација на наставните планови и програми во училиштето. | 2.1 | Посочува извори за учење со различен формат и од различни медиуми. |
| 3. | Знае дека при планирањето на работата во училиштето треба да се имаат предвид специфичните услови за работа. | 3.1 | Органзира настани поврзани со работењето на лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава. |
| 4. | Познава различни методи и начини на работа во лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава. | 4.1 | Ги утврдува соодветните форми на стручно усовршување за подобрување на сопствената работна практика. |
| 5. | Ги познава можностите за користење различна информациско-комуникациска технологија вклучувајќи ги и новите технологии. | 5.1 | Умее да користи ИКТ за креирање, зачувување, наоѓање, споделување и организирање информации и за комуникација. |
| 6. | Знае за различностите меѓу луѓето и меѓу заедниците (култура, физички изглед и сл.). | 6.1 | Промовира сензитивност за прифаќање на различностите. |
| 7. | Ги знае и разбира правилата за реализација на практична настава. | 7.1 | Организира просторна достапност за изведување практична настава. |
| | | 7.2 | Обезбедува пристап до апаратура, машини и до потрошниот материјал. |
| | | 7.3 | Ги упатува учениците како правилно да се однесуваат во лабораторијата, кабинетот или работилницата за изведување практична настава. |
| 8. | Ја знае регулативата за безбедност во лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава и ја разбира важноста од воспоставувањето безбедносен систем. | 8.1 | Обезбедува почитување на кодексот за однесување во лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава. |
| 9. | Се грижи за работната средина. | 9.1 | Совесно користи извори на енергија и природни ресурси. |
| | | 9.2 | Се грижи за безбедносните услови во лабораторија, кабинет и/или работилница. |
| 10. | Ја разбира важноста од обезбедувањето соодветна атмосфера и услови за слободно конструктивно изразување на мислењето на учениците за работата во лабораторијата. | 10.1 | Поттикнува соодветна атмосфера и услови за демократско учество на учениците во работата во лабораториите, кабинетите и работилниците. |
| 11. | Ги познава принципите за професионална комуникација и соработка во училиштето. | 11.1 | Придонесува во создавањето клима на поддршка и соработка. |
| 12. | Применува еколошки стандарди во работата. | 12.1 | Се грижи за заштита на човековата средина и заштеда на енергија и ресурси. |
| **СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО НАСТАВА** | | | |
| 13. | Поддржува соработка со родители. | 13.1 | Умее да формулира различни нивоа на постигања на ученикот во практичната настава. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Функционира како тим со стручниот наставник во процесот на практична настава.
- Препорачува соодветни извори на информации во тесна врска со практичната настава согласно наставната програма.
- Се консултира и прима инструкции од стручниот наставник за видовите материјали и средства за учење.
- Се вклучува во активностите на ниво на лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава.
- Учествува во изготвувањето нагледни средства и промотивни материјали за училиштето.
- Користи ИКТ во секојдневната работа.
- На учениците им посочува можности за користење разни медиуми.
- Го уредува просторот на лабораторијата, кабинетот или работилницата за изведување практична настава така што ги приближува различностите.
- Го организира просторот на лабораторијата да биде физички лесно достапен за корисниците.
- Обезбедува пристап до апаратура, машини и потрошен материјал за соодветната тематска единица.
- Ги организира материјалите, машините и апартурата според процесот и методите, потребите на учениците и стручниот наставник.
- Ги запознава учениците со организацијата на просторот.
- Ги насочува учениците како и каде да ги најдат потребните материјали.
- Работи согласно правилата за безбедност во училиштето.
- Ги информира и инсистира на почитување на правилата за однесување во лабораторија, кабинет или работилница за изведување практична настава.
- Служи како пример за почитување на безбедносните правила.
- При реализацијата на практичната настава економично ги користи изворите на енергија ( струја, пламен) и другите ресурси.
- Ги утврдува условите за безбедна реализација на наставата.
- Дава предлози за користење различни можности за учество на учениците во практичната настава.
- Учествува и поддржува активности за заемно почитување.
- Учествува во различни училишни тимови.
- Покажува почит кон колегите и учениците.
- Учествува во изготвувањето упатства за рационално користење на енергија и ресурси.
- Се грижи за безбедно складирање, чување и отстранување на отпадот.
- Присуствува на средби со родители организирани од класниот раководител со цел да ги информира за напредокот на ученикот.

